Спроведувањето на планот значи задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво со Просторниот план. Изработена е студија за оправданост за изработка на урбанистички план како дел од планската програма. Студијата за оправданост се изработува за да обезбеди објективно и информативно одлучување за отпочнување на постапка за донесување на урбанистички план, од аспект на просторна, еколошка, финансиска и економска оправданост на градежниот зафат за чиешто градење е потребен урбанистички план.

Предметниот локалитет за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане не е опфатен со урбанистички план и се наоѓа вон плански опфат. За овој дел не постои претходно донесена урбанистичка документација.

Планираната локација, односно планскиот опфат за изградба на ветерниот парк М'гленце се наоѓа во општината Старо Нагоричане, на границата на катастарската општина М'гленце и катастарска општина Малотино.

Дел од локацијата е до самата граница со Република Србија. Планскиот опфат се простира на повеќе катастарски парцели. Надморската висина се движи во границите од 1100-1300 метри. Границите на плански опфат се движат по дадената планска линија која ги прати презентираните катастарски парцели од КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане.

Основна цел на урбанистичкиот план е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на опфатот и постојните плански документации од повиско ниво. Цел на изработувањето на документацијата е формирање на градежни парцели за поставување на Ветерни електрани за производство на електрична енергија од обновливи извори.

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане ќе се изработи за утврдениот плански опфат, дефиниран со линија и прекршочни точки, во рамки на кој ќе се формират градежни парцели на земјиште кое дел е во приватна сопственост и дел е сопственост на РСМ. Основната класа на намена е усогласена со Условите за планирање на просторот, а согласно Просторниот план на Република Македонија. Класата на намени е усогласена според Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22) и тоа:

Група на класа на намена: Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА

Класа на намена: Г3 - Индустрија на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори,

Поединечна намена: Г3.7 - Ветерни електрани, концентрациони сончеви електрани, мали хидроцентарли, електарни на биогориво.

Во текот на изработка на урбанистичкиот план може да се јави потреба од други класи на намени во рамките на планскиот опфат кои ќе бидат употребени.

Комплементарни и компатибилни намени, ќе бидат утврдени во самиот урбанистички план согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

Според автопатска и магистрална мрежа на просторниот план, релевантни патни правци околу дадениот опфат се автопат А2 - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце -Куманово -

Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан), и регионални патни правци Р1207 - (Младо Нагоричане врска со А2-граница со СЦГ, ГП Пелинце) и Р2244 - врска со Р1207 - Жегљане - Рамно-гр. со Р. Србија.

При планирање да се почитува законот за јавни патишта. Локацијата за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерни електрани) со капацитет над 10 MW во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.

Начинот на употребата на земјиштето во рамките на планскиот опфат за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане е условена од создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата. Тука пред се, се мисли на чинителите од демографски стопански, економски и сообраќаен аспект. Со добрата сообраќајна врска, демографскиот раст и развој, економскиот раст на производството, се развива малото стопанство и потребата од изградба на нови и проширување на постојните капацитети, како и создавање услови за планирање на организирани простори на градба кои ќе бидат реализирани од страна на корисниците на земјиштето. Ова условува потреба од нови опфати со вакви содржини кои го детерминираат начинот на употребата на земјиштето во рамките на планскиот опфат.

Со искористувањето на електрична енергија преку поставување на ветерни електрани ќе се воведе стабилност во снабдувањето со електрична енергија, пред се во индустријата што ќе доведе до економски развој на сите региони во Република Северна Македонија. Производството на електрична енергија ќе придонесе за сигурност во снабдувањето, ќе донесе дополнителен извор на енергија и можност за раст на индустријата во одредени области. Исто така, ќе донесе и нови инвестиции кои се поволни за државата. Можноста за изградба на ветерни електрани и во преостанатите соседни земји може да придонесе за економски бенефит на целиот регион.

Во рамките на планскиот опфат нема објекти со намена домување, а со тоа нема жители на Општина Старо Нагоричане во овој дел.

Во планскиот опфат е инвентаризиран неизграден простор, кој со својата планирана основна намена носи силен инпут на економијата на Општина Старо Нагоричане

Според добиените податоци и информации Министерство за култура и Управата за заштита на културно наследство немаат доставено податоци и информации за дадениот плански опфат.

Според инвентаризацијата на дадениот опфат постои неуредено ниско зеленило.

Од побараните податоци и информации од надлежна институција за дадениот плански опфат нема добиено информација за постојни водоводни и канализациони инсталации.

Според добиените податоци и информации од ЕВН - Скопје и МЕПСО - Скопје, на дадениот плански опфат нема постоечки инсталации.

Сообраќајниот пристап до планскиот опфат е од постоечки локален пат и во непосредна близина нема евидентиран државен пат.

Од надлежните институции Телеком, А1 и АЕК се побарани податоци и информации за постоечка инсталација и во одговорите стои дека на предметниот плански опфат нема постоечки инсталации од телекомуникациски инфраструктури.

Од АД Национални енергетски ресурси Скопје, се побарани податоци и информации за постоење на гасоводна мрежа.

Планските документи се прилагодуваат на новите развојни интереси и иницијативи, а тоа особено се однесува на атрактивните простори за развој, подобрување на социо-економската состојба, можност за нови вработувања, можност за уредување на просторот со потребната инфраструктура, а сето тоа се управува согласно Стратегијата за одржлив развој и издадените Услови за планирање на Просторот, што претставува законска обврска на општината за спроведување и примена на веќе донесените плански документи, како што е Просторниот план на Република Македонија.

## 1.1 Цели на заштита на животната средина

Заштитата на животната средина подразбира множество на различни постапки и мерки кои го спречуваат загрозувањето на животната средина. Под заштита на животната средина се подразбира не само заштита на човекот туку и заштита на билната вегетација и животинскиот свет. Целите на заштитата на животната средина се заштита на здравјето на луѓето, квалитетот на екосистемите, заштита на растителниот и животинскиот свет и културни добра чиј творец е човекот, зачувување на рамнотежата и еколошката стабилност на природата, рационално и адекватно користење на природните ресурси.

Декларацијата за животната средина е донесена на Светската конференција на Обединетите држави во 1972 година. Стокхолмската конференција за човековата средина, одржана 1972 година ја разбудила свеста и го означила почетокот на еколошката ера и истовремено ја иницирала Париската конвенција на Претседатели на Држави и Влади на земјите од Европската економска заедница, одржана истата година. Во усвоената декларација како основна цел на еколошкиот развој се наведува смалување на ризикот во поглед на условите на живот, подобрување на квалитетот на живеење и да се во остварување на овие цели посебно внимание обрати на заштитата на животната средина. Според тоа, Европското законодавство кое го има усвоено Советот на Европските економски заедници се нагласи гаранцијата на правото на секој граѓанин на чиста и здрава животна средина.

Во текот на 1992 година во сила стапи Базелската Конвенција, чија што цел е смалување на супстанциите одредени како опасен отпад. Во Мај 2004 година стапи во сила и Стокхолмската конвенција за перзистентни

органски загадувачи, со кои ги дефинира 12 екстремно отровни органски загадувачи, барајќи нивна редукција или нивно целосно елиминирање.

Меѓународната правна заштита на животната средина се сведува во најголем дел на меѓународно - правна акција против загадувањето. Сепак, меѓународната регулатива во областа на животната средина сеуште не достигнала на ниво кој би овозможил мирен живот на сите живи суштества на нашата планета. Се донесуваат разни протоколи, конвенции, декларации и др.

Република Македонија, во рамките на евроинтеграциските процеси во животната средина има потпишано голем број на меѓународни конвенции, билатерални договори и протоколи и кои заедно со националните прописи ја сочинуваат правната рамка која го уредуваат управувањето со медиумите на животната средина. Во процесот на апркосимацијата на ЕУ законодавство од областа на животната средина преку транспонирање на ЕУ законодавството Република Македонија ги има донесено следните закони:

- Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 100/12, 163/13, 10/15 и 146/15);
- Закон за управување со отпадот („Сл. Весник на РСМ" бр. 31/20 и 216/21);
- Закон за заштита од бучавата во животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 164/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 121/21) и др.

Процесот на усогласување со законодавството на ЕУ и во сегашно време е во тек, посебно во техничките барања дадени во анексите на ЕУ Директивите. Листата на релевантни закони и релевантни ЕУ Директиви и меѓународни договори се дадени во точката 11 од овој Извештај. Сите обврски што произлегуваат од овие законски и национални стратешки документи, беа анализирани и земени во предвид при дефинирање на основните цели за заштита на животната средина во планскиот опфат при изготвување на овој Извештај.

Како генерални цели утврдени по овие значајни основи се следните:

- Искористување на ветерната енергија - како чиста енергија, преку имплементирање на концептот почиста средина;
- Воспоставување на перманентен мониторинг на квалитетот на водата, почвата и воздухот;
- Збогатување на шумскиот фонд преку засадување на појас од соодветни дрвни растенија;
- Воспоставување на перманентна соработка во следењето на состојбите во областа на квалитетот на водата, почвата и другите медиуми во животната средина од страна на локалните и Републичките здраствени институции од аспект на сочувување на здравјето на населението;

- Вклучување на јавноста во процесот на мониторирање на состојбите и донесување на одлуки за медиумите во животната средина;
- Воспоставување на база на податоци за состојбата во секој медиум во животната средина по принципот (движечка сила-притисок-состојба на животната средина-влијание-одговор) на локално и регионално ниво.

Во овој процес се предлага поцелосно имплементирање на горе наведените цели преку реализирање систем на предлог мерки за заштита, одбегнување, намалување, неутрализирање или компензација на негативните влијанија од реализација на предвидените содржини согласно урбанистичкиот план. За таа цел во понатамошниот текст на содржината на овој документ се предлагаат:

⇒ Технички мерки кои треба да се превземат за време на спроведување на планот;

⇒ Препораки за подготвување, донесување и дополнување на плановите и програмите во рамките на спроведувањето на законските обврски во животната средина.

## 1.2 Специфични цели на Стратегиската оцена

Специфичните цели на Стратегиската оцена на животната средина се дефинирани согласно националната и меѓународна легислатива и се прикажани преку статусот на биолошка разновидност, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра, културното наследство и пределот:

- Заштита на животната средина со имплементација на планскиот документ;
- Подобрување на економските услови и зголемување на животниот стандард;
- Правилно управување со просторот заради одржување на постојаното ниво на флора и фауна;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на квалитетот на водата;
- Интегрално управување со отпадот и негова селекција за зачувување на почвата, а со тоа и минимизирање на отпадот;
- Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии;
- Зачувување на карактеристиките на пределот и животната средина.

*Врска со други плански документи:*

**Просторен план на РМ**

- Уважување на реалните фактори на развој;
- Превземање стимулативни мерки од страна на државните и други видови поддршка за програми на локалните заедници и стопанските актери;
- Воспоставување на пазарни принципи и формирање соодветна институционална рамка во која ќе можат да функционираат пазарните институции;

- Создавање на регионален диференциран амбиент за стопанисување со помош на соодветна политика.

**Национален еколошки акционен план**

- Да се овозможи интегрирање на политиката за заштита на животна средина во останатите секторски политики;
- Да се поттикнат индустријата, давателите на услуги и другите субјекти во областа на животната средина кон поголема одговорност за заштитата на животната средина;
- Да се дадат насоки за еколошки одржлив пристап;
- Да се зголеми степенот на исполнување на обврските од регионалните и глобалните договори во областа на животната средина.

Планскиот опфат е усогласен уште со:

Планскиот опфат е усогласен уште со:

- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор на ционален Еколошки Акционен План на РМ;
- Втор Национален извештај за климатски промени;
- Национална стратегија за апроксимација на животната средина;
- Стратегија за управување со податоци за животната средина, 2005;
- Стратегија и акционен план за имплементација на Архуската конвенција, 2005 и др.

Во подготовката на извештајот земени се предвид целите на заштита на животната средина одредени на национално и меѓународно ниво, а кои се релевантни за планскиот документ. Генералните цели за заштита на животната средина земени во предвид при подготовката на урбанистичкиот план, односно што се очекува да се постигнат со мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија предложени во овој извештај:

- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;
- Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово повторно искористување, отстранување на прифатлив начин;
- Рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;
- Рационално користење и заштита на земјоделското земјиште;
- Рационално и одржливо користење на природните ресурси;
- Користење на обновливи извори на енергија;
- Зачувување и заштита на растителниот и животинскиот биодиверзитет.

Урбанистичка планска документација како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој, со создавање услови за планирање на организирани простори, дефинирање на оптимални решенија за организирање на основните функции преку анализа на постојната состојба

и создавање на основна концепција за планираните површини со конкретни просторни, сообраќајни и инфраструктурни решенија.

Со самата иницијатива за изработка на овој план се врши делумно истражување на просторот како и се определуваат активностите и организацијата на просторот. Неопходно е воспоставување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на норми и стандарди за градба.

Со изработка на овој план треба да се овозможат услови за градба на ваков комплекс, кој ќе овозможи услови за подобрување и развој на функционалноста и квалитет на градба. Максимално да се почитуваат условите за заштита на животната средина, при тоа од особена важност е респектирањето на природниот високовреден простор.

## 1.3 Употребена Методологија

При подготовката на Извештајот за стратегиска оцена се креираше методологија компатибилна на карактеристиките на просторот опфатен со планскиот документ, планската задача, достапните стратегии и документи.

Постапно се превзедоа следните чекори:

- Се направи првичен увид на сегашните состојби во животната средина во анализираниот плански опфат, неговата околина и пошироко;
- Се оствари средба со претставник на изработувачот на планскиот документ и се реализира разговор за целите на инвестиционите активности и содржини кои ќе бидат опфатени во просторот;
- Подетално се проучија содржините што се предвидени да се лоцираат во планскиот опфат, урбанистичкиот проект, намената и категоријата на земјиштето;
- Детално се разгледаа техничките решенија предвидени за реализација на проектната задача;
- Дефинирани се целите за заштита на животната средина утврдени во стратешките документи на локално, национално и меѓународно ниво;
- Се направи увид на постојната реализирана урбанистичка состојба на подрачјето дефинирано со планскиот опфат (бесправна градба, сообраќаен пристап и сл.);
- Согледување на можните негативни влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со планот;
- Надминување на негативните влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со планот;
- Надминување на евентуалните влијанија или нивно ублажување и за таа цел предлагање на превентивни и корективни мерки;
- Предлагање на систем на перманентен мониторинг на состојбите;
- Вклучување и запознавање на сите заинтересирани страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот.




При изготвување на Извештајот користена е стручна литература од оваа област, ЕУ Директивите, национални стратешки документи, релевантната законска регулатива, меѓународни договори, просторни и урбанистички плански документи, катастарски скици и други документи релевантни за изработка на документот.

## 1.4 Законодавна рамка

Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане е изработена согласно постојната законска регулатива во животната средина и природата во Република Македонија:

**Животна средина**

Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22).

**Стратегиска оцена на животната средина**

1. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 114/07);
2. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07);
3. Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07 и 45/11);
4. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11);
5. Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена („Сл. Весник на РМ" бр. 122/11).

**Заштита на природата**

Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 121/21).

**Закон за квалитет на амбиентниот воздух**

Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 100/12-пречистен текст, 10/15 и 146/15).

**Закон за урбано зеленило** („Сл. Весник на РМ" бр. 11/18 и 42/20).

**Управување со отпад**

Закон за управување со отпадот („Сл. Весник на РСМ" бр. 31/20 и 216/21).

**Заштита од бучава**

Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15).

**Закон за води**

Закон за води („Сл. Весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21).

**Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020)**
**Национален план за управување со отпад (2009-2015)**

**Закон за заштита и спасување**
Закон за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18).

**Просторно планирање**
Просторен план на Република Македонија („Сл. Весник на РМ" бр. 39/04).

**Закон за просторно и урбанистичко планирање**
Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20).

**Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** („Сл. Весник на РМ" бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22).
**Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови** („Сл. Весник на РМ" бр. 142/15).

## 1.5 Институционална рамка

Законот за органи на управата ги дефинира одговорностите на Министерството за животна средина и просторно планирање, како што следи:

- Подготовка на решение во оние случаи во кои не се согласува со одлуката за спроведување, односно неспроведување на СОВЖС или со определениот обем на СОВЖС во одлуката;
- Подготовка на решение за соодветноста на извештајот на СОВЖС за планскиот документ, и;
- Воспоставување и ажурирање на листата на експерти за СОВЖС.

Органи на државната управа/единиците на локална самоуправа кои ги подготвуваат - усвојуваат планските документи имаат обврска за:

- Подготовка на извештајот за СОВЖС;
- Објавување на информации за отпочнувањето на подготвувањето на планските документи и за учество на јавноста во процесот на консултации;
- Објавување на информации за нацрт планскиот документ кој се подготвува и за предлог извештајот за СОВЖС;
- Подготовка на извештајот од консултацијата со јавноста врз основа на добиените коментари и мислења од јавните консултации;
- Комплетирање на извештајот за СОВЖС и на планските документи со добиени мислења и коментари, и
- Мониторинг на влијанијата од имплементацијата на планскиот документ и во случај на негативни ефекти и информирање на МЖСПП.




Министерството за надворешни работи е одговорно за спроведување на прекугранични консултации за СОВЖС во однос на доставување на известување до соседната држава која може да биде засегната од подготовката на планскиот документ или кога Република Македонија може да биде засегната од подготовка на плански документ во соседна држава.

Други министерства и државни институции со одредени надлежности на полето на заштита на животната средина се:

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерство за транспорт и врски;
- Републички Завод за здравствена заштита;
- Министерство за здравство;
- Управа за хидрометеролошки работи;
- Единиците на локална самоуправа.

Значајна улога во процесот на донесување на законите во областа на животната средина има и Собраниската комисија за транспорт, врски и екологија.

## 1.6 Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина

Спроведувањето на Стратегиската оцена на животната средина е интерактивен процес кој треба да се спроведе паралелно со развојот на планот или програмата. Стратегиската оцена на животната средина е процес за да се осигура дека значителен ефект врз животната средина што произлегуваат од политики, планови и програми се идентификуваат,

оценуваат и намалуваат. Важен инструмент за да им се помогне во постигнување на одржлив развој и креирање на политиката е Стратегиската оцена на животната средина. Посебни бенефиции во Стратегиската оцена вклучуваат:

- Поддршка на одржливиот развој;
- Да се подобрат доказите како добра основа за стратешките одлуки;
- Да се консултираат сите заинтересирани страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот;
- Да се насочат на други процеси, како што се влијанието врз животната средина на оценките врз одделни развојни проекти.

Стратегиската оцена следејќи ги одредбите за содржината на овој Извештај, ги обработува следните содржини:

- Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;
- Проблеми од областите кои се од посебно значење за животната средина;
- Целите на заштита на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки;
- Веројатните значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, водата, воздухот, почвата, климатските фактори, културното наследство, пејсажот и материјалните придобивки. Овие влијанија вклучуваат секундарни, краткорочни, долгорочни, трајни и привремено позитивни и негативни ефекти;
- Резиме/краток преглед на причините на алтернативите, опис за тоа како е направена проценката, вклучувајќи ги сите потешкотии (како што се техничките недостатоци или недостигот на know-how) до кои се дошло при собирањето на потребните информации;
- Опис на предвидените мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски;
- Не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во претходните точки.

## 1.7 Резиме

Врз основа на спроведената Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М’гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане, органот е должен да ги следи ефектите врз животната средина и здравјето на луѓето со цел во раната фаза да се согледаат евентуалните негативни

влијанија напоредно со изработката на планската документација пред да биде прифатлива за имплементација.

# 2. Преглед на Планскиот документ

## 2.1 Основи на Планскиот документ

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење е план кој се изработува согласно Просторниот план на Република Северна Македонија и служи за негово спроведување и разработка, а се донесува за подрачја и градби од државно значење кои не се опфатени и не може да се уредуваат со урбанистичките планови од локално значење и се изработува согласно член 17 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20) и согласно член 47, став (3) точка 6 алинеа 5 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22). Врз основа на член 30, став 2 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22) врз основа на планската програма и документационата основа се изработува работната верзија на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење, за која правните лица од членот 47 став (1) од овој закон и општините на чија што територија се простира планскиот опфат на овој план, задолжително доставуваат мислење по однос на планските решенија што се во врска со нивните надлежности, при што врз основа на мислењата се изработува предлог на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење.

Планскиот период на урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење изнесува десет години, односно од 2022 до 2032 година. Доколку не е донесен нов урбанистички план и по изминувањето на планскиот период, урбанистичкиот план е на сила до донесување на нов урбанистички план. Изработката на овој Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW во КО М’гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане е во согласност со член 47 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ” бр. 225/20, 219/21 и 104/22), став (2) точка 2 се донесува за подрачја на енергетски комплекси од државно значење, став (3), точка 6 се донесува за градби од државно значење како енергетски градби - електрични централи со инсталирана сила од 10 MW и повеќе.

Реализацијата на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW во КО М’гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане ќе биде во функција на одржливиот економски развој преку примена на нови технологии за производство на енергија од обновливи извори.

Зголемувањето на увозот на електрична енергија во последниве години ја потенцира важноста на изградбата на нови извори. Изградбата на електраната со користење на ветерот, ќе даде придонес во зголемување на учеството на обновливите извори на енергија.

Изградбата на објектите за производство на електрична енергија преку користење на ветерна енергија, како обновлив ресурс, во подрачјето ќе

допринесе за подобрување на енергетската покриеност на потрошувачите во согласност со принципите на еколошко искористување на ресурсите. Искористувањето на ветерната енергија како алтернативен извор претставува една од современите енергетски технологии, која нуди брзо и долгорочно намалување на дефицитот на електрична енергија. Со изработката на овој план ќе се предизвикаат позитивни ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот.

Електраната за производство на електрична енергија нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.

## 2.2 Плански опфат

### 2.2.1 Географска и геодетска местоположба

Планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М’гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане, се наоѓа во северниот дел од Општина Старо Нагоричне во близина со границата со Република Србија. Поголемиот дел од планскиот опфат е распостран во катастарска општина М’гленце, Општина Старо Нагоричане и помал дел во катастарска општина Малотино. Предметното подрачје не е во опфат на урбанистички план, општ акт или било каква урбанистичка документација донесена од страна на Општината.



Слика 2. Локација на ветерен парк на 1100-1300 мнв

Планираната локација, односно планскиот опфат за изградба на ветерниот парк М’гленце се наоѓа во општината Старо Нагоричане, на

границата на катастарската општина М’гленце и катастарска општина Малотино, Општина Старо Нагоричане.

Прелиминарниот плански опфат одобрен со планската програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW во КО М’гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане (постапка во информацискиот систем е-урбанизам број 44012) изнесува 10.2 ха, додека планскиот опфат за предметниот Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW во КО М’гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане изнесува 14.11 ха, согласно член 21, став 4, доколку се работи за нов плански опфат без историја на планирање или за кој нема план од повисоко ниво или нема донесени соседни планови што ја дефинираат границата или се работи за проширување на постоен плански опфат, во планската програма се исцртува прелиминарна или приближна граница на планскиот опфат што се уточнува во фазата на нацрт план.

Изградбата на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерни електрани) во КО М’гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане ќе биде во функција на зголемување на производството на електрична енергија од обновливи ресурси што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р. Македонија за одржлив развој.

Предвидениот опфат за изградба на ветерни електрани каде ќе се користи ветерот, како обновлив ресурс за производство на електрична енергија, се наоѓа во подрачје кое е сиромашно со вода, ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на регионот во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.

Локацијата за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерни електрани) со капацитет над 10 MW во КО М’гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.

Градбата на ветерни електрани ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

Изградбата ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија што е осбено значајно за оние што немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Од приложените карти е презентирано пошироркото и потесното опкружување на планскиот опфат. Теренот е на планскиот опфат е во континуиран пад по целата должина.




Слика 3. Пошироко опкружување на планскиот опфат - Макролокација



Слика 4. Потесно опкружување на планскиот опфат - Микролокација

Пристапот до планскит опфат за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW во КО М'гленце и КО Малотино,

Општина Старо Нагоричане е обезбеден од постоен некатегоризиран пристапен пат.



Слика 5. Некатегоризиран пристапен пат

Границите на планскиот опфат ги опфаќаат катастараски парцели од КО М’гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане и тоа:

| Катастарска општина | Број на имотен лист | Број на парцела | | Катастарска | | | Површина | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Основен | Дел | Култура | | Класа | х | а | м2 |
| 17063 | 62 | 1714 | 0 | зз | л | 8 | | | 136.38 |
| 17063 | 123 | 1717 | 0 | зз | л | 8 | | | 486.77 |
| 17063 | 62 | 1720 | 0 | | ЛИВАДА | 8 | | | 2653.46 |
| 17063 | 32 | 1721 | 0 | зз | л | 8 | | | 439.03 |
| 17063 | 137 | 1722 | 0 | | ЛИВАДА | 8 | | | 4011.89 |
| 17063 | 20 | 1723 | 0 | зз | л | 8 | | | 3436.28 |
| 17063 | 166 | 1724 | 0 | зз | л | 8 | | | 1628.79 |
| 17063 | 137 | 1725 | 0 | | ЛИВАДА | 8 | | | 2287.52 |
| 17063 | 78 | 1726 | 0 | | ЛИВАДА | 8 | | | 2842.74 |
| 17063 | 20 | 1727 | 0 | | ЛИВАДА | 8 | | | 6074.81 |
| 17063 | 105 | 1734 | 0 | зз | пс | 5 | | | 31.17 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17063 | 27 | 1738 | 0 | зз | пс | 5 | | | 182.27 |
| 17063 | 100 | 1745 | 0 | | ШУМА | 4 | | | 272.13 |
| 17063 | 67 | 1749 | 0 | зз | л | 8 | | | 396.74 |
| 17063 | 52 | 1750 | 0 | | ЛИВАДА | 8 | | | 20.21 |
| 17061 | 112 | 18 | 0 | | ПАСИШТЕ | 5 | | | 375.58 |
| 17063 | 20 | 1800 | 0 | зз | пс | 5 | | | 881.97 |
| 17063 | 141 | 1804 | 0 | зз | пс | 5 | | | 219.05 |
| 17063 | 20 | 1805 | 0 | зз | пс | 5 | | | 621.48 |
| 17063 | 100 | 1807 | 0 | | ПАСИШТЕ | 5 | | | 5346.09 |
| 17063 | 20 | 1808 | 0 | зз | л | 8 | | | 829.72 |
| 17063 | 67 | 1809 | 0 | | ПАСИШТЕ | 5 | | | 5.78 |
| 17063 | 36 | 1810 | 0 | | ПАСИШТЕ | 5 | | | 1552.1 |
| 17063 | 105 | 1811 | 0 | зз | пс | 5 | | | 621.58 |
| 17063 | 166 | 1814 | 0 | зз | пс | 5 | | | 4434.26 |
| 17063 | 37 | 1815 | 0 | | ПАСИШТЕ | 5 | | | 2535.09 |
| 17063 | 53 | 1816 | 0 | | ПАСИШТЕ | 5 | | | 1380.63 |
| 17063 | 20 | 1817 | 0 | зз | пс | 5 | | | 1106.65 |
| 17063 | 134 | 1819 | 0 | | ПАСИШТЕ | 5 | | | 675.24 |
| 17063 | 54 | 1821 | 0 | зз | пс | 5 | | | 816.66 |
| 17063 | 167 | 1822 | 0 | зз | пс | 5 | | | 4452.26 |
| 17063 | 110 | 1823 | 0 | зз | пс | 5 | | | 287.56 |
| 17063 | 168 | 1824 | 0 | зз | пс | 5 | | | 1319.26 |
| 17063 | 20 | 1825 | 0 | зз | л | 8 | | | 339.14 |
| 17063 | 20 | 1826 | 0 | зз | пс | 5 | | | 569.76 |
| 17063 | 112 | 1827 | 0 | | ПАСИШТЕ | 5 | | | 201.04 |
| 17063 | 20 | 1828 | 0 | зз | пс | 5 | | | 695.85 |
| 17063 | 39 | 1829 | 0 | | ПАСИШТЕ | 5 | | | 1330.31 |
| 17063 | 39 | 1830 | 0 | | ПАСИШТЕ | 5 | | | 874.86 |
| 17063 | 20 | 1831 | 0 | | ПАСИШТЕ | 5 | | | 378.87 |
| 17063 | 24 | 1834 | 0 | | ЛИВАДА | 8 | | | 8510.36 |
| 17063 | 114 | 1835 | 0 | | ПАСИШТЕ | 5 | | | 19.25 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17063 | 28 | 1837 | 0 | | ЛИВАДА | 8 | | | **315.91** |
| 17063 | 158 | 1838 | 0 | зз | л | 8 | | | **1718.78** |
| 17063 | 20 | 1839 | 0 | зз | л | 8 | | | **1457.59** |
| 17063 | 131 | 1840 | 0 | зз | л | 8 | | | **7149.52** |
| 17063 | 4 | 1841 | 0 | гз | зпо | 0 | | | **294.27** |
| 17063 | 113 | 1870 | 0 | зз | л | 8 | | | **2925.24** |
| 17063 | 113 | 1874 | 0 | | ЛИВАДА | 8 | | | **491.46** |
| 17063 | 116 | 1875 | 0 | | ЛИВАДА | 8 | | | **89.26** |
| 17063 | 116 | 1876 | 0 | | ЛИВАДА | 8 | | | **57.25** |
| 17063 | 62 | 1877 | 0 | | ПАСИШТЕ | 5 | | | **1647.12** |
| 17063 | 113 | 1878 | 0 | | ПАСИШТЕ | 5 | | | **1341.07** |
| 17063 | 156 | 1879 | 0 | зз | пс | 5 | | | **776.17** |
| 17063 | 24 | 1880 | 0 | | ПАСИШТЕ | 5 | | | **672.19** |
| 17063 | 115 | 1881 | 0 | | ПАСИШТЕ | 5 | | | **888.71** |
| 17063 | 170 | 1882 | 0 | зз | пс | 5 | | | **5175.98** |
| 17061 | 24 | 19 | 0 | зз | пс | 5 | | | **2871.5** |
| 17061 | 1 | 24 | 0 | зз | пс | 7 | | | **46960.03** |
| 17061 | 185 | 34 | 0 | зз | ш | 5 | | | **980.17** |
| | | | | | **ВКУПНО** | | | | **141092.8** |
| | | | | | | | | | |

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаната граница на планскиот опфат за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW во КО М’гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане изнесува (141092,8 $м^2$) 14,11 ха.

Плански опфат за изградба на комплекс од градби за производство на електрична енергија од алтернативни обновливи извори - ветерни електрани ги опфаќа м.в. Голема нива, м.в. Мечик, м.в. Вирови и м.в. Војводички преслап во КО М’гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка, како што следи:

| N | X | Y | N | X | Y | N | X | Y |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 7577218,745 | 4685502,656 | 51 | 7577384,155 | 4685404,012 | 101 | 7577497,551 | 4685300,173 |
| 2 | 7577228,286 | 4685497,828 | 52 | 7577387,084 | 4685400,752 | 102 | 7577501,414 | 4685300,859 |
| 3 | 7577228,286 | 4685497,828 | 53 | 7577389,86 | 4685397,379 | 103 | 7577505,276 | 4685301,544 |
| 4 | 7577228,286 | 4685497,828 | 54 | 7577392,477 | 4685393,904 | 104 | 7577509,133 | 4685302,228 |
| 5 | 7577228,286 | 4685497,828 | 55 | 7577394,934 | 4685390,331 | 105 | 7577513,764 | 4685303,051 |
| 6 | 7577228,286 | 4685497,828 | 56 | 7577397,227 | 4685386,665 | 106 | 7577518,49 | 4685303,144 |
| 7 | 7577230,609 | 4685496,383 | 57 | 7577398,966 | 4685383,599 | 107 | 7577522,44 | 4685303,223 |
| 8 | 7577233,893 | 4685494,055 | 58 | 7577400,91 | 4685380,927 | 108 | 7577526,388 | 4685303,301 |
| 9 | 7577236,929 | 4685491,902 | 59 | 7577403,184 | 4685377,801 | 109 | 7577530,333 | 4685303,38 |
| 10 | 7577239,967 | 4685489,749 | 60 | 7577405,462 | 4685374,67 | 110 | 7577534,283 | 4685303,459 |
| 11 | 7577243,113 | 4685487,518 | 61 | 7577407,737 | 4685371,542 | 111 | 7577538,23 | 4685303,537 |
| 12 | 7577247,674 | 4685484,095 | 62 | 7577410,014 | 4685368,412 | 112 | 7577541,683 | 4685303,605 |
| 13 | 7577250,877 | 4685480,91 | 63 | 7577412,289 | 4685365,284 | 113 | 7577543,983 | 4685303,879 |
| 14 | 7577253,584 | 4685478,217 | 64 | 7577414,575 | 4685362,142 | 114 | 7577554,43 | 4685309,315 |
| 15 | 7577256,297 | 4685475,52 | 65 | 7577416,87 | 4685358,968 | 115 | 7577543,781 | 4685323,972 |
| 16 | 7577258,542 | 4685473,286 | 66 | 7577419,133 | 4685355,792 | 116 | 7577533,993 | 4685354,098 |
| 17 | 7577260,575 | 4685471,731 | 67 | 7577421,378 | 4685352,643 | 117 | 7577533,993 | 4685385,775 |
| 18 | 7577263,43 | 4685470,073 | 68 | 7577423,623 | 4685349,493 | 118 | 7577543,781 | 4685415,902 |
| 19 | 7577266,825 | 4685468,1 | 69 | 7577425,869 | 4685346,342 | 119 | 7577562,401 | 4685441,529 |
| 20 | 7577270,226 | 4685466,124 | 70 | 7577428,112 | 4685343,194 | 120 | 7577588,028 | 4685460,148 |
| 21 | 7577272,141 | 4685465,011 | 71 | 7577430,358 | 4685340,044 | 121 | 7577618,154 | 4685469,937 |
| 22 | 7577272,868 | 4685464,874 | 72 | 7577432,654 | 4685336,823 | 122 | 7577649,831 | 4685469,937 |
| 23 | 7577274,934 | 4685464,618 | 73 | 7577434,916 | 4685333,53 | 123 | 7577679,958 | 4685460,148 |
| 24 | 7577276,943 | 4685464,497 | 74 | 7577437,102 | 4685330,288 | 124 | 7577705,585 | 4685441,529 |
| 25 | 7577278,888 | 4685464,506 | 75 | 7577439,262 | 4685327,084 | 125 | 7577724,204 | 4685415,902 |
| 26 | 7577280,922 | 4685464,648 | 76 | 7577441,423 | 4685323,88 | 126 | 7577733,993 | 4685385,775 |
| 27 | 7577282,842 | 4685464,847 | 77 | 7577443,585 | 4685320,675 | 127 | 7577733,993 | 4685354,098 |
| 28 | 7577284,529 | 4685465,134 | 78 | 7577445,746 | 4685317,469 | 128 | 7577724,204 | 4685323,972 |
| 29 | 7577286,136 | 4685465,518 | 79 | 7577447,907 | 4685314,265 | 129 | 7577705,585 | 4685298,345 |
| 30 | 7577287,655 | 4685465,989 | 80 | 7577449,964 | 4685311,216 | 130 | 7577681,155 | 4685280,596 |
| 31 | 7577294,773 | 4685468,736 | 81 | 7577451,428 | 4685309,212 | 131 | 7577681,99 | 4685280,539 |
| 32 | 7577302,492 | 4685462,534 | 82 | 7577452,932 | 4685307,404 | 132 | 7577685,139 | 4685280,424 |
| 33 | 7577305,724 | 4685459,939 | 83 | 7577454,546 | 4685305,693 | 133 | 7577688,269 | 4685280,41 |
| 34 | 7577308,96 | 4685457,341 | 84 | 7577456,184 | 4685304,161 | 134 | 7577691,398 | 4685280,51 |
| 35 | 7577312,187 | 4685454,748 | 85 | 7577457,857 | 4685302,84 | 135 | 7577694,546 | 4685280,71 |
| 36 | 7577315,003 | 4685452,487 | 86 | 7577459,718 | 4685301,61 | 136 | 7577697,69 | 4685281,011 |
| 37 | 7577317,913 | 4685450,622 | 87 | 7577461,737 | 4685300,451 | 137 | 7577700,676 | 4685281,392 |
| 38 | 7577321,267 | 4685448,471 | 88 | 7577463,815 | 4685299,425 | 138 | 7577703,491 | 4685281,929 |
| 39 | 7577324,619 | 4685446,321 | 89 | 7577465,952 | 4685298,532 | 139 | 7577706,411 | 4685282,671 |
| 40 | 7577326,147 | 4685445,342 | 90 | 7577468,13 | 4685297,775 | 140 | 7577709,437 | 4685283,545 |
| 41 | 7577339,199 | 4685443,475 | 91 | 7577470,329 | 4685297,161 | 141 | 7577712,43 | 4685284,514 |
| 42 | 7577374,389 | 4685440,678 | 92 | 7577472,555 | 4685296,689 | 142 | 7577715,546 | 4685285,633 |
| 43 | 7577407,378 | 4685513,901 | 93 | 7577474,555 | 4685296,394 | 143 | 7577719,286 | 4685286,969 |
| 44 | 7577407,378 | 4685513,901 | 94 | 7577476,324 | 4685296,333 | 144 | 7577723,022 | 4685288,303 |
| 45 | 7577450,784 | 4685513,958 | 95 | 7577478,322 | 4685296,488 | 145 | 7577726,753 | 4685289,635 |
| 46 | 7577444,645 | 4685437,189 | 96 | 7577480,517 | 4685296,801 | 146 | 7577730,485 | 4685290,968 |
| 47 | 7577472,023 | 4685399,395 | 97 | 7577482,658 | 4685297,248 | 147 | 7577734,218 | 4685292,301 |
| 48 | 7577456,25 | 4685365,707 | 98 | 7577485,505 | 4685298,036 | 148 | 7577737,953 | 4685293,635 |
| 49 | 7577388,336 | 4685410,863 | 99 | 7577489,83 | 4685298,803 | 149 | 7577741,887 | 4685295,039 |
| 50 | 7577379,534 | 4685408,73 | 100 | 7577493,693 | 4685299,489 | 150 | 7577745,877 | 4685296,274 |

| N | X | Y | N | X | Y | N | X | Y |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 151 | 7577749,665 | 4685297,446 | 201 | 7577942,339 | 4685350,09 | 251 | 7578289,487 | 4685154,662 |
| 152 | 7577753,448 | 4685298,614 | 202 | 7577946,728 | 4685350,743 | 252 | 7578267,163 | 4685147,042 |
| 153 | 7577757,233 | 4685299,785 | 203 | 7577951,137 | 4685351,206 | 253 | 7578263,783 | 4685160,952 |
| 154 | 7577761,019 | 4685300,957 | 204 | 7577955,558 | 4685351,48 | 254 | 7578262,844 | 4685164,062 |
| 155 | 7577764,807 | 4685302,129 | 205 | 7577959,605 | 4685351,558 | 255 | 7578261,76 | 4685167,654 |
| 156 | 7577768,574 | 4685303,293 | 206 | 7577963,659 | 4685351,769 | 256 | 7578260,676 | 4685171,244 |
| 157 | 7577772,339 | 4685304,472 | 207 | 7577968,107 | 4685351,81 | 257 | 7578259,62 | 4685174,742 |
| 158 | 7577776,123 | 4685305,656 | 208 | 7577972,563 | 4685351,661 | 258 | 7578258,627 | 4685178,202 |
| 159 | 7577779,902 | 4685306,837 | 209 | 7577977,021 | 4685351,318 | 259 | 7578257,32 | 4685181,669 |
| 160 | 7577783,683 | 4685308,021 | 210 | 7577981,468 | 4685350,783 | 260 | 7578255,994 | 4685185,185 |
| 161 | 7577787,468 | 4685309,206 | 211 | 7577985,899 | 4685350,056 | 261 | 7578254,669 | 4685188,7 |
| 162 | 7577791,246 | 4685310,387 | 212 | 7577990,539 | 4685349,087 | 262 | 7578253,326 | 4685192,263 |
| 163 | 7577794,957 | 4685311,549 | 213 | 7577994,689 | 4685347,819 | 263 | 7578251,984 | 4685195,942 |
| 164 | 7577798,65 | 4685312,765 | 214 | 7577998,406 | 4685346,683 | 264 | 7578250,739 | 4685199,595 |
| 165 | 7577802,415 | 4685314,005 | 215 | 7578002,121 | 4685345,547 | 265 | 7578249,527 | 4685203,148 |
| 166 | 7577806,176 | 4685315,243 | 216 | 7578005,836 | 4685344,412 | 266 | 7578248,316 | 4685206,704 |
| 167 | 7577809,939 | 4685316,482 | 217 | 7578009,553 | 4685343,276 | 267 | 7578247,105 | 4685210,256 |
| 168 | 7577813,704 | 4685317,723 | 218 | 7578013,269 | 4685342,14 | 268 | 7578245,979 | 4685213,561 |
| 169 | 7577817,464 | 4685318,96 | 219 | 7578016,831 | 4685341,052 | 269 | 7578244,749 | 4685216,635 |
| 170 | 7577821,533 | 4685320,3 | 220 | 7578020,353 | 4685340,097 | 270 | 7578243,379 | 4685219,739 |
| 171 | 7577825,688 | 4685321,379 | 221 | 7578024,041 | 4685339,16 | 271 | 7578241,902 | 4685222,786 |
| 172 | 7577829,527 | 4685322,374 | 222 | 7578027,811 | 4685338,203 | 272 | 7578240,322 | 4685225,775 |
| 173 | 7577833,37 | 4685323,372 | 223 | 7578031,579 | 4685337,246 | 273 | 7578239,325 | 4685227,511 |
| 174 | 7577837,212 | 4685324,37 | 224 | 7578044,038 | 4685334,01 | 274 | 7578237,521 | 4685221,96 |
| 175 | 7577841,056 | 4685325,367 | 225 | 7578067,323 | 4685327,962 | 275 | 7578218,902 | 4685196,333 |
| 176 | 7577844,896 | 4685326,363 | 226 | 7578075,718 | 4685339,517 | 276 | 7578193,275 | 4685177,714 |
| 177 | 7577848,709 | 4685327,353 | 227 | 7578101,345 | 4685358,136 | 277 | 7578163,148 | 4685167,925 |
| 178 | 7577852,514 | 4685328,366 | 228 | 7578131,471 | 4685367,925 | 278 | 7578131,471 | 4685167,925 |
| 179 | 7577856,35 | 4685329,387 | 229 | 7578163,148 | 4685367,925 | 279 | 7578101,345 | 4685177,714 |
| 180 | 7577860,183 | 4685330,406 | 230 | 7578193,275 | 4685358,136 | 280 | 7578075,718 | 4685196,333 |
| 181 | 7577864,017 | 4685331,426 | 231 | 7578218,902 | 4685339,517 | 281 | 7578057,098 | 4685221,96 |
| 182 | 7577867,853 | 4685332,447 | 232 | 7578237,521 | 4685313,89 | 282 | 7578047,31 | 4685252,087 |
| 183 | 7577871,686 | 4685333,466 | 233 | 7578247,31 | 4685283,764 | 283 | 7578047,31 | 4685283,764 |
| 184 | 7577875,663 | 4685334,524 | 234 | 7578247,31 | 4685267,881 | 284 | 7578051,565 | 4685296,861 |
| 185 | 7577879,68 | 4685335,467 | 235 | 7578252,377 | 4685262,819 | 285 | 7578051,565 | 4685296,861 |
| 186 | 7577883,549 | 4685336,374 | 236 | 7578255,38 | 4685259,508 | 286 | 7578012,715 | 4685308,251 |
| 187 | 7577887,42 | 4685337,283 | 237 | 7578258,383 | 4685255,952 | 287 | 7578008,294 | 4685309,005 |
| 188 | 7577891,291 | 4685338,191 | 238 | 7578261,232 | 4685252,053 | 288 | 7578004,15 | 4685310,045 |
| 189 | 7577895,164 | 4685339,1 | 239 | 7578263,709 | 4685248,113 | 289 | 7578000,378 | 4685310,991 |
| 190 | 7577899,033 | 4685340,008 | 240 | 7578265,958 | 4685244,238 | 290 | 7577996,607 | 4685311,936 |
| 191 | 7577902,921 | 4685340,92 | 241 | 7578268,07 | 4685240,285 | 291 | 7577992,836 | 4685312,883 |
| 192 | 7577906,812 | 4685341,819 | 242 | 7578270,04 | 4685236,26 | 292 | 7577989,062 | 4685313,83 |
| 193 | 7577910,69 | 4685342,715 | 243 | 7578271,868 | 4685232,169 | 293 | 7577985,293 | 4685314,776 |
| 194 | 7577914,562 | 4685343,609 | 244 | 7578273,551 | 4685228,014 | 294 | 7577980,693 | 4685315,93 |
| 195 | 7577918,439 | 4685344,506 | 245 | 7578275,203 | 4685223,485 | 295 | 7577976,915 | 4685317,599 |
| 196 | 7577922,312 | 4685345,4 | 246 | 7578276,25 | 4685219,331 | 296 | 7577974,047 | 4685318,719 |
| 197 | 7577926,187 | 4685346,295 | 247 | 7578277,169 | 4685215,68 | 297 | 7577971,11 | 4685319,72 |
| 198 | 7577929,823 | 4685347,136 | 248 | 7578277,788 | 4685213,008 | 298 | 7577968,11 | 4685320,597 |
| 199 | 7577933,658 | 4685348,222 | 249 | 7578286,492 | 4685209,977 | 299 | 7577965,054 | 4685321,348 |
| 200 | 7577937,98 | 4685349,249 | 250 | 7578309,163 | 4685199,844 | 300 | 7577961,943 | 4685321,969 |

| N | X | Y | N | X | Y | N | X | Y |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 301 | 7577959,228 | 4685322,388 | 351 | 7577775,921 | 4685267,401 | 401 | 7577583,668 | 4685266,73 |
| 302 | 7577956,496 | 4685322,444 | 352 | 7577772,152 | 4685266,187 | 402 | 7577580,279 | 4685267,15 |
| 303 | 7577953,305 | 4685322,372 | 353 | 7577768,381 | 4685264,973 | 403 | 7577576,882 | 4685267,484 |
| 304 | 7577950,111 | 4685322,163 | 354 | 7577764,61 | 4685263,758 | 404 | 7577573,351 | 4685267,742 |
| 305 | 7577946,919 | 4685321,815 | 355 | 7577760,835 | 4685262,543 | 405 | 7577569,812 | 4685268,002 |
| 306 | 7577943,737 | 4685321,33 | 356 | 7577757,067 | 4685261,329 | 406 | 7577566,397 | 4685268,168 |
| 307 | 7577940,57 | 4685320,706 | 357 | 7577753,252 | 4685260,1 | 407 | 7577562,975 | 4685268,247 |
| 308 | 7577937,73 | 4685320,019 | 358 | 7577749,423 | 4685258,907 | 408 | 7577559,648 | 4685268,241 |
| 309 | 7577934,495 | 4685318,864 | 359 | 7577745,644 | 4685257,727 | 409 | 7577556,325 | 4685268,086 |
| 310 | 7577930,762 | 4685317,531 | 360 | 7577741,862 | 4685256,546 | 410 | 7577552,906 | 4685267,84 |
| 311 | 7577927,028 | 4685316,198 | 361 | 7577738,078 | 4685255,366 | 411 | 7577549,497 | 4685267,509 |
| 312 | 7577923,297 | 4685314,866 | 362 | 7577734,295 | 4685254,186 | 412 | 7577546,168 | 4685267,101 |
| 313 | 7577919,563 | 4685313,533 | 363 | 7577730,515 | 4685253,006 | 413 | 7577542,496 | 4685266,502 |
| 314 | 7577915,833 | 4685312,201 | 364 | 7577726,642 | 4685251,797 | 414 | 7577538,628 | 4685265,872 |
| 315 | 7577912,142 | 4685310,883 | 365 | 7577722,604 | 4685250,62 | 415 | 7577534,76 | 4685265,24 |
| 316 | 7577908,462 | 4685309,532 | 366 | 7577718,471 | 4685249,557 | 416 | 7577530,89 | 4685264,609 |
| 317 | 7577904,739 | 4685308,165 | 367 | 7577714,306 | 4685248,625 | 417 | 7577527,021 | 4685263,978 |
| 318 | 7577901,02 | 4685306,799 | 368 | 7577710,196 | 4685247,844 | 418 | 7577523,155 | 4685263,347 |
| 319 | 7577897,297 | 4685305,431 | 369 | 7577706,152 | 4685247,141 | 419 | 7577519,159 | 4685262,696 |
| 320 | 7577893,576 | 4685304,065 | 370 | 7577702,015 | 4685246,493 | 420 | 7577515,154 | 4685262,146 |
| 321 | 7577889,853 | 4685302,698 | 371 | 7577697,783 | 4685245,966 | 421 | 7577511,268 | 4685261,613 |
| 322 | 7577885,759 | 4685301,195 | 372 | 7577693,532 | 4685245,574 | 422 | 7577507,386 | 4685261,081 |
| 323 | 7577881,558 | 4685300,02 | 373 | 7577689,282 | 4685245,318 | 423 | 7577503,506 | 4685260,548 |
| 324 | 7577877,738 | 4685298,952 | 374 | 7577685,025 | 4685245,186 | 424 | 7577499,62 | 4685260,015 |
| 325 | 7577873,921 | 4685297,885 | 375 | 7577680,75 | 4685245,191 | 425 | 7577495,741 | 4685259,483 |
| 326 | 7577870,102 | 4685296,817 | 376 | 7577676,475 | 4685245,331 | 426 | 7577491,655 | 4685258,923 |
| 327 | 7577866,281 | 4685295,75 | 377 | 7577672,187 | 4685245,61 | 427 | 7577487,181 | 4685258,492 |
| 328 | 7577862,465 | 4685294,682 | 378 | 7577667,897 | 4685246,039 | 428 | 7577482,579 | 4685258,34 |
| 329 | 7577858,764 | 4685293,648 | 379 | 7577663,636 | 4685246,617 | 429 | 7577477,982 | 4685258,475 |
| 330 | 7577855,095 | 4685292,523 | 380 | 7577659,411 | 4685247,327 | 430 | 7577473,474 | 4685258,892 |
| 331 | 7577851,305 | 4685291,361 | 381 | 7577655,208 | 4685248,173 | 431 | 7577469,063 | 4685259,517 |
| 332 | 7577847,517 | 4685290,2 | 382 | 7577650,976 | 4685249,166 | 432 | 7577464,618 | 4685260,371 |
| 333 | 7577843,73 | 4685289,038 | 383 | 7577647,161 | 4685250,238 | 433 | 7577460,166 | 4685261,518 |
| 334 | 7577839,942 | 4685287,876 | 384 | 7577643,552 | 4685251,253 | 434 | 7577455,791 | 4685262,945 |
| 335 | 7577836,149 | 4685286,715 | 385 | 7577639,945 | 4685252,267 | 435 | 7577451,525 | 4685264,637 |
| 336 | 7577832,334 | 4685285,545 | 386 | 7577636,339 | 4685253,282 | 436 | 7577447,363 | 4685266,582 |
| 337 | 7577828,509 | 4685284,397 | 387 | 7577632,734 | 4685254,294 | 437 | 7577443,316 | 4685268,793 |
| 338 | 7577824,711 | 4685283,259 | 388 | 7577629,125 | 4685255,309 | 438 | 7577439,412 | 4685271,255 |
| 339 | 7577820,917 | 4685282,121 | 389 | 7577625,513 | 4685256,325 | 439 | 7577435,659 | 4685273,963 |
| 340 | 7577817,121 | 4685280,983 | 390 | 7577621,902 | 4685257,345 | 440 | 7577432,078 | 4685276,917 |
| 341 | 7577813,323 | 4685279,845 | 391 | 7577618,3 | 4685258,362 | 441 | 7577428,7 | 4685280,091 |
| 342 | 7577809,528 | 4685278,707 | 392 | 7577614,691 | 4685259,381 | 442 | 7577425,531 | 4685283,465 |
| 343 | 7577805,923 | 4685277,626 | 393 | 7577611,084 | 4685260,399 | 443 | 7577422,577 | 4685287,034 |
| 344 | 7577802,363 | 4685276,402 | 394 | 7577607,479 | 4685261,418 | 444 | 7577420,064 | 4685290,49 |
| 345 | 7577798,612 | 4685275,114 | 395 | 7577603,876 | 4685262,434 | 445 | 7577417,786 | 4685293,56 |
| 346 | 7577794,868 | 4685273,828 | 396 | 7577600,412 | 4685263,413 | 446 | 7577415,478 | 4685296,67 |
| 347 | 7577791,121 | 4685272,54 | 397 | 7577597,123 | 4685264,236 | 447 | 7577413,171 | 4685299,779 |
| 348 | 7577787,369 | 4685271,252 | 398 | 7577593,792 | 4685264,981 | 448 | 7577410,866 | 4685302,886 |
| 349 | 7577783,625 | 4685269,965 | 399 | 7577590,441 | 4685265,644 | 449 | 7577408,559 | 4685305,996 |
| 350 | 7577779,785 | 4685268,645 | 400 | 7577587,061 | 4685266,224 | 450 | 7577406,252 | 4685309,105 |

| N | X | Y | N | X | Y | N | X | Y |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 451 | 7577403,819 | 4685312,385 | 481 | 7577340,68 | 4685390,252 | 511 | 7577236,413 | 4685438,796 |
| 452 | 7577401,291 | 4685316,115 | 482 | 7577337,202 | 4685391,579 | 512 | 7577233,835 | 4685441,374 |
| 453 | 7577399,189 | 4685319,87 | 483 | 7577333,524 | 4685392,983 | 513 | 7577231,292 | 4685443,747 |
| 454 | 7577397,295 | 4685323,251 | 484 | 7577329,847 | 4685394,386 | 514 | 7577228,538 | 4685446,149 |
| 455 | 7577395,401 | 4685326,635 | 485 | 7577326,167 | 4685395,792 | 515 | 7577225,657 | 4685448,658 |
| 456 | 7577393,508 | 4685330,017 | 486 | 7577322,491 | 4685397,195 | 516 | 7577222,772 | 4685451,173 |
| 457 | 7577391,614 | 4685333,398 | 487 | 7577318,809 | 4685398,601 | 517 | 7577220,111 | 4685453,491 |
| 458 | 7577389,72 | 4685336,783 | 488 | 7577315,558 | 4685399,841 | 518 | 7577217,583 | 4685455,445 |
| 459 | 7577388,005 | 4685339,846 | 489 | 7577312,725 | 4685400,637 | 519 | 7577204,261 | 4685465,842 |
| 460 | 7577386,177 | 4685342,615 | 490 | 7577309,032 | 4685401,698 | 520 | 7577192,913 | 4685474,7 |
| 461 | 7577384,036 | 4685345,616 | 491 | 7577305,367 | 4685402,752 | 521 | 7577178,979 | 4685464,576 |
| 462 | 7577381,789 | 4685348,765 | 492 | 7577301,704 | 4685403,806 | 522 | 7577148,852 | 4685454,787 |
| 463 | 7577379,543 | 4685351,913 | 493 | 7577297,995 | 4685404,872 | 523 | 7577117,175 | 4685454,787 |
| 464 | 7577377,296 | 4685355,062 | 494 | 7577294,297 | 4685405,975 | 524 | 7577087,049 | 4685464,576 |
| 465 | 7577375,051 | 4685358,208 | 495 | 7577290,642 | 4685407,065 | 525 | 7577061,421 | 4685483,195 |
| 466 | 7577372,803 | 4685361,358 | 496 | 7577286,989 | 4685408,154 | 526 | 7577042,802 | 4685508,822 |
| 467 | 7577370,397 | 4685364,731 | 497 | 7577283,34 | 4685409,242 | 527 | 7577033,014 | 4685538,949 |
| 468 | 7577368,627 | 4685367,525 | 498 | 7577279,541 | 4685410,375 | 528 | 7577033,014 | 4685570,625 |
| 469 | 7577367,014 | 4685369,844 | 499 | 7577275,738 | 4685411,636 | 529 | 7577042,802 | 4685600,752 |
| 470 | 7577365,3 | 4685372,096 | 500 | 7577271,914 | 4685413,114 | 530 | 7577061,421 | 4685626,379 |
| 471 | 7577363,487 | 4685374,277 | 501 | 7577268,171 | 4685414,777 | 531 | 7577087,049 | 4685644,998 |
| 472 | 7577361,578 | 4685376,383 | 502 | 7577264,518 | 4685416,62 | 532 | 7577117,175 | 4685654,787 |
| 473 | 7577359,578 | 4685378,407 | 503 | 7577261,122 | 4685418,549 | 533 | 7577148,852 | 4685654,787 |
| 474 | 7577357,637 | 4685380,21 | 504 | 7577257,752 | 4685420,522 | 534 | 7577178,979 | 4685644,998 |
| 475 | 7577355,552 | 4685381,844 | 505 | 7577254,327 | 4685422,76 | 535 | 7577204,606 | 4685626,379 |
| 476 | 7577353,232 | 4685383,505 | 506 | 7577251,019 | 4685425,162 | 536 | 7577223,225 | 4685600,752 |
| 477 | 7577350,842 | 4685385,068 | 507 | 7577247,828 | 4685427,726 | 537 | 7577233,014 | 4685570,625 |
| 478 | 7577348,388 | 4685386,526 | 508 | 7577244,729 | 4685430,48 | 538 | 7577233,014 | 4685538,949 |
| 479 | 7577345,873 | 4685387,877 | 509 | 7577241,818 | 4685433,391 | 539 | 7577223,225 | 4685508,822 |
| 480 | 7577343,301 | 4685389,12 | 510 | 7577239,117 | 4685436,091 | | | |

### 2.2.2 Намена на употреба на земјиштето

Согласно член 77 и член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање предвидена е следната класа на намени:

Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА,

Г3 - Индустрија на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори,

Г3.7 - Ветерни електрани, концентрациони сончеви електрани, мали хидроцентарли, електарни на биогориво.

Е - Градби од нискоградбата - инфраструктури

Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури:

Е 1.8 - Трансформаторски станици.

# 3. Краток опис и образложение на планските решенија за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура

Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:
- Улична мрежа;
- Водоводна мрежа;
- Канализациона мрежа;
- Електрична и комуникациска мрежа.

## 3.1 Сообраќајно поврзување

Пристапот до планскиот опфат е преку постојниот локален пат. Трасата која се наоѓа во планскиот опфат со која се пристапува до секоја површина за градба е претставена како пристапен пат со профил од 6,0 м. Вкупна површина на планскиот опфат изнесува 141093 $м^2$, од која 122958 $м^2$, е под сообраќајни површини или 87%. Радиуси и кривини на уличната мрежа се дадени адекватно со прописите од сообраќај и се стандардни. Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број моторнивозила е планирано во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се утврди согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

Со изработка на урбанистичкиот план, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелацискoто решение е изработка на вертикално решение на пристапниот пат. Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот. При проектирањето на нивелетата се почитува природниот пад на теренот. Подолжните наклони на сите сообраќајници се движат во границите на максимално дозволените исклучителни подолжни наклони.

## 3.2 Комунална инфраструктура

За комуналната инфраструктура, водовод, фекална и атмосферска канализација евидентирано е следното: За ваков тип на објекти не се предвидува никаква инсталација на водовод и канализација. Вода во тек на работа на системот не се користи. За прифаќање и одвод на атмосферските отпадни води нема да се изведува посебна атмосферска канализациона мрежа и површинските води се сливаат по природен пат.

Со оваа урбанистичка документација е предвидена изградба на Е 1.8 - Трансформаторски станици/трафостаница/ на површина за градба број 4. Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа е дефинирано на графичките прилози, додека потребата од дополнителна непредвидена електрична мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка, односно со изработка на урбанистички проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа.

# 4. Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина

## 4.1 Карактеристики на просторот

Седиште на општина Старо Нагоричане се наоѓа во северниот дел од Република Македонија, во сливното подрачје на реката Пчиња. Бројот на жители е 4840 и се протега на површина од 433,41 км$^2$. Број на населени места е 39 и тоа селата: Алгуња, Аљинце, Арбанашко, Бајловце, Брешко, Буковљане, Војник, Вратогурце, Врачевце, Дејловце, Длабочица, Добрача, Драгоманце, Дренок, Жегљане, Канарево, Карловце, Коинце, Кокино, Мгленце, Макреш, Малотино, Младо Нагоричане, Никуљане, Облавце, Орах, Осиче, Пелинце, Пузајка, Рамно, Руѓинце, Старо Нагоричане, Степанце, Стрезовце, Стрновац, Цветишница, Цвиланце и Челопек.

Пошироко, областа на Куманово од соседните области од западната и северната страна е одделена со делови на стари и грамадни планини. На запад се издигаат ограноците на Скопска Црна Гора, кои во овој крај се познати и како Карадаг. На север се наоѓаат падините на оголениот Руен, а падините на средновисокиот Козјак се спуштаат во трговишката област. На исток е планината Герман и Славишката Котлина, додека од јужна и југоисточна страна со ритчести терени и Градишка планина брановидното Кумановско поле е одделено од Скопската котлина и Овче Поле.

### 4.1.1 Сообраќајна поврзаност

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- Е-871 кој се поклопува со магистралниот пат М-2: (БГ-Деве Баир-Крива Паланка-Е-75) - дел од коридорот за патен сообраќај во насока запад-исток;
- М-2 - (Куманово-крстосница Коњаре-Ранковце-Крива Паланка-граница со Р. Бугарија-Деве Баир).

Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. Весник број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- А2 - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).

Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони

карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција);
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје; Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија);
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа- М4 (крак Битола -граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионалните патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија. Релевантен регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) е:

- Р-203 - (Врска со Р-202-Жегљане-Рамно-гр.со Р. Србија).

Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта овој регионален патен правец влегува во групата на регионални патишта Р2 и се преименува со ознаката:

- Р2244 - (Врска со Р1207-Жегљане-Рамно-гр.со Р.Србија).

### 4.1.2 Рељефни услови, наклон и експозиција на теренот

Просторот кој го зафаќа овој локалитет се наоѓа во северо-источниот регион на Република Македонија, северо-источно од градот Куманово. Целиот терен е брдовит, а надморската висина се движи во границите од 1100-1300 метри.

### 4.1.3 Геолошки карактеристики

Со оглед на тоа дека не се познати инженерско-геолошките карактеристики на почвата на предметниот простор, со изработка на урбанистички проекти и идејни и основни проекти потребно е да се изработи посебен елаборат за геолошки и геотехнички карактеристики на земјиштето.

### 4.1.4 Сеизмолошки карактеристики на теренот

Локацијата на ветерниот парк се наоѓа во зона со 8 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

### 4.1.5 Хидротехничка структура

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП Полог, Скопјег, Треска, Пчиња, Среден Вардар, Горна Брегалница, Средна и Долна Брегалница, Пелагонија, Средна и Долна Црна, Долен Вардар, Дојран, Струмичко Радовишко, Охридско - Струшко, Преспа и Дебарско.

Локалитетот се наоѓа во водостопанското подрачје Пчиња кое го опфаќа сливот на реката Пчиња од границата меѓу Р. Македонија и Р. Србија до вливот во реката Вардар.

За целосно искористување на хидропотенцијалот на површинските водотеци во ВП Пчиња изградени се акумулациите Липково и Глажња на Липковска Река. Основна намена на акумулациите е наводнување на земјоделските површини, водоснабдување на населението, заштита од големи води и задржување на наноси. За идниот период се предвидува изградба на акумулациите Слупчане на Слупчанска Река, Вакуф и Длабочица на Крива Река и акумулацијата Пчиња на река Пчиња.

### 4.1.6 Климатски и микроклиматски услови на регионот

Ова подрачје е на поголема надморска височина од Скопската Котлина и отворено е кон север што овозможува несметано продирање на воздушните маси од поголемите географски широчини, кои во зимските месеци влијаат на снижување на температурата на воздухот.

Поради овие причини просечната годишна температура е пониска од Скопската котлина и изнесува 11,8°Ц, но во поедини години се движи во границите на 10,8 до 13,0°Ц. Најтопол месец е јули со просечна месечна температура од 22,3°Ц, а најстуден е јануари со просечна температура од 0,4°Ц. Просечните годишни температурни колебања изнесуваат 21,9°Ц.

Просечната годишна минимална температура изнесува 8,0°С, а просечните месечни температури имаат вредност под 0°Ц, само во јануари и февруари.

Есенскиот мраз е со најголема зачестеност во октомври просечно 60%, потоа во ноември 40%. Пролетниот мраз се јавува најчесто во април просечно 64%, а потоа во март 36%.

Просечната годишна максимална температура изнесува 17,4°Ц, по месеци просечната максимална температура е со вредност повисока за 20°Ц, од мај заклучно со септември и со мала вредност повисока од 25°Ц од јуни заклучно со септември. Апсолутно максималната температура изнесува 40°Ц. Просечно годишно има 105 летни и 43 тропски денови.

Кумановската котлина е со поголеми годишни количини на врнежи од Овче Поле и Скопската Котлина, а со нешто помалку врнежи од Јужна Србија. Просечна годишна сума на врнежите изнесува 549 мм, но во поедини години годишната сума се менува од 320 мм до 913 мм. Од просечниот број на врнежливи денови (100), 74% се денови со дневна количина рамна или поголема од 1,0 мм, 35% се со дневна количина рамна или поголема од 5,0 мм, 18% со дневна количина рамна или поголема од 10 мм, а само 5% со дневна количина рамна или поголема од 20 мм.

Просечно годишно има 24 дена со појава на снежен покривач кој се јавува од ноември до април.

Просечна годишна релативна влажност изнесува 72%, а со максимум во декември и минимум во август со просечно 60%.

Маглата се јавува од октомври до март, и просечно се јавуваат 27 дена, а во поедини години тие изнесуваат од 6 до 53 дена.

Кумановската котлина е доста ветровита. Од вкупниот број на измерени случаи изразени во промили 694 ‰ е со ветер од разни правци, а само 306‰ е без ветер со тишини. Со најголема зачестеност е северниот ветер со просечна годишна брзина од 3,1 м/сек и максимална брзина до 26,4 м/сек. Понатаму следуваат северозападниот ветер со просечна годишна брзина од 1,8 м/сек и максимална брзина од 19,9 м/сек, јужниот и југозападниот ветер со просечна годишна брзина од 1,5 м/сек, западниот ветер е со мала зачестеност со просечна годишна брзина од 1,7 м/сек и максимална брзина од 12,3 м/сек.

### 4.1.7 Население

На основ податоците од последниот попис на населението, домаќинствата во општината живеат вкупно 4840 жители, распоредени во 1697 домаќинства и 3598 станови.

### 4.1.8 Природно наследство

Од областа на заштита на природата (природно наследство и биолошката и пределската разновидност), урбанистичките планови и проекти треба да се усогласат со Просторниот план на Републиката на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштита.

Посебно внимание при заштитата на природата, треба да се обрне на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- оптимална заштита на производните природни потенцијали и унапредување на приодните богатства;
- зачувување на доминантните карактеристики на постојаната состојба;
- рационална изградба на инфраструктурата;
- концентрација и ограничување на изградбата;
- оптимална изградба на рекреативната инфраструктура;
- правилен избор на соодветна локација.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија („Сл. Весник на РМ” бр. 39/04) на просторот предложен за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М’гленце и КО

Малотино, општина Старо Нагоричане, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

### 4.1.9 Културно наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територијата на Република Македонија, оставила значајни траги од вонредни култури, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и индентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Во просторот за кој се работи овој опфат не е евидентирано културно наследство.

## 4.2 Опис на сегашната состојба со животната средина во планскиот опфат

Основен предуслов за идентификација на проблемите со животната средина и поставување на стратешки цели за надминување и унапредување на истите е идентификацијата и оцената на сегашната состојба со медиуми на животната средина (воздух, вода, отпад, почва, биодиверзитет, бучава), како и со користењето на земјиштето и природните ресурси во општината.

Со оглед на тоа што во планираниот простор до сега не се вршени мерења, следења и истражувања на основните витални компоненти воздухот, водата, тлото, бучавата и тврдиот отпадок, пореметувањата во екосистемот во целост не можат да се откријат, а оценката за состојбите произлегува исклучиво од дејствувањето на човекот и неговите активности во овој простор.

### Квалитет на воздухот

Согласно Директивите на Европската Унија, загадувањето е непосредно или посредно внесување, како резултат на човековите дејствија, на материи, вибрации, топлина или бучава во воздухот, водата или во почвата, кои што можат да бидат штетни по човековото здравје или по квалитетот на животната средина, од кои што може да произлезе штета по материјалниот имот или кои што ги нарушуваат или влијаат врз природните убавини и другите легитимни начини на користење на животната средина.

Квалитетот на воздухот е еден од поважните чинители на кои треба да се внимава при планирање на просторот заради спречување на деградација на истиот со имплементација на планскиот документ.

Квалитетот на воздухот најмногу го нарушува аерозагадувањето со гасови, прашина и други материи во количества и концентрации кои штетно влијаат врз здравјето на луѓето, екосистемот и природните и создадените

вредности. Загадувањето на воздухот е резултат на голема концентрација на индустрија и население во релативно мал простор која постојано генерира висока емисија на повеќе полутанти во текот на годината. Во последните 20-тина години емисијата на сулфур диоксид, на олово и на цврсти честички во воздухот е значително зголемена, што е резултат на активирање на соодветни индустриски капацитети и на зголемен автомобилски сообраќај, а особено на теретни возила. На загадувањето на воздухот многу влијае и топографијата на теренот, висината на индустриските оџаци и атмосферските услови. Најкритично аерозагадување е во услови на отсуство на хоризонтално и ввертикално струење на воздухот, особено кога е проследено со температурни инверзии.

## Вода

Колку водите во одреден простор може да се сметаат за воден ресурс зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како ресурс ја има многу помалку од присутните води што треба да се има секогаш во предвид при планирањето за нејзино искористување.

За подмирување на потребите на вода најзначајни се површинските води, бидејќи тие се најраспространети, најблиски се до местата на човековата активност, обезбедуваат живот и развој на екосистемот.

Издашноста на подземните води зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради посебниот квалитет се значајни и може да бидат корисни за покривање на потребите од вода.

Локалитетот се наоѓа во водостопанското подрачје Пчиња кое го опфаќа сливот на реката Пчиња од границата меѓу Р. Македонија и Р. Србија до вливот во реката Вардар.

За целосно искористување на хидропотенцијалот на површинските водотеци во ВП Пчиња изградени се акумулациите Липково и Глажња на Липковска Река. Основна намена на акумулациите е наводнување на земјоделските површини, водоснабдување на населението, заштита од големи води и задржување на наноси. За идниот период се предвидува изградба на акумулациите Слупчане на Слупчанска Река, Вакуф и Длабочица на Крива Река и акумулацијата Пчиња на река Пчиња.

## Отпад

Комунален отпад претставува секаков вид на отпад што се продуцира од домаќинствата, јавните и економските установи, претпријатија и институциите на една урбана средина. Отпадот што се продуцира од индустријата, земјоделието и рударството, како и патогените остатоци од изумрени животни не спаѓаат во овој вид на отпад.

Во минатото, отпадот што го создавал човекот од задоволувањето на своите животни потреби бил во количини и облик што природата била способна сама да го разгради до облик на изворна материја, со што се воспоставила рамнотежа помеѓу човекот и неговата околина. Меѓутоа, во поново време на интензивен индустриско технолошки развој од една страна и демографската експлозија и преголема густина во населеност од друга, сведоци сме на суперпродукција на цврст отпад во количини и облик кој природата неможе самостојно да го разгради со што се нарушува рамнотежата помеѓу човекот и неговата животна околина. Цврстиот отпад се повеќе ги освојува земјените површини, ја загадува почвата, воздухот и површинските и подземните води.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад се врши со специјални возила за таа цел. Јавното комунално претпријатие Козјак врши услуга на собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад на територија на Општина Старо Нагоричане. Депонирањето на комуналниот отпад и други видови на неопасен отпад се врши во локалната депонија.

**Растителен и животински свет (флора и фауна)**

Квалитетот на почвите претставува основен предуслов за остварување на одржливиот развој. Современите процеси на урбанизација и особено користењето на земјиштето за стопански цели најдиректно влијае врз интензитетот на користење на земјиштето и промената на неговиот квалитет. Постојат многу причинители кои предизвикуваат оштетување и загрозување на земјиштето: загадените отпадни води, исталожените честици од воздухот (тешки метали и сл.), ерозијата, нерационалното користење на хемиски средства во земјоделството, сообраќајниците, депониите, урбаните и руралните населби, добиточните фарми со несоодветна изградба на помошни објекти, викенд населбите, инфраструктурните системи и др.

Користењето на арско и вештачко ѓубре и пестициди се одвива без соодветна контрола. Некои пестициди имаат висока токсичност со голем ризик по здравјето на човекот и негативни влијанија врз растенијата, животните и екосистемот.

За да се спречат негативните последици од примената на хемиските препарати и вештачките ѓубрива во земјоделието, неопходне е да се намалат количините на оптималното ниво и едновремено нивно супституирање со воведување и примена на био пестициди и органски ѓубрива со кои се обезбедува продукција на здрави и еколошки чисти производи.

Биопестицидите претставуваат живи организми, микроорганизми или производи на нивните животни процеси. Хигиенските предности од употреба на биопестицидите се:

- отсуство на негативни ефекти врз флората и фауната,
- отсуство на загадување на животната средина,
- отсуство на резидуи (остатоци) во хранливите продукти,
- нерегистрирана отпорност кон нив.

Предметната локација се протега по билото кое започнува од врвот Вирови и се движи кон исток до врвот Војводица. По должината на самото било се среќаваат брдски пасишта во кои се среќава тревеста заедница.



Слика 6. Предметната локација, кон врвот Вирови

Од јужната страна на билото, се среќаваат мешани шуми, претставени со давови заедници и борови насади, а од северната страна се среќава букова заедница. Растителните видови кои се детектирани на локацијата се прикажани на следната табела:

| | |
|---|---|
| *Cichorium intybus* | *Prunus domestica* |
| *Achillea millefolium* | *Pinus nigra* |
| *Rumex sp.* | *Pteridium aquilinum* |
| *Plantago major* | *Juniperus communis* |
| *Plantago lanceolate* | *Thimus sp.* |
| *taraxacum officinale* | *Xeranthemum annuum* |
| *Hypericum perforatum* | *Inula sp.* |
| *Diantus sp.* | *Eryngium campestre* |
| *Verbascum sp.* | *Chamaecytisus sp.* |
| *Fagus sylvatica* | *Solidago virgaurea* |
| *Quercus cerris* | *Achillea holosericea* |
| *Quercus frainetto* | *Viola macedonica* |
| *Quercus petraea* | *Armeria sp.* |

| | |
|---|---|
| *Salix caprea* | *Carlina acaulis* |
| *Rosa canina* | *Pulsatilla vernalis* |
| *Prunus spinosa* | |

Од животинските видови може да се сретнат: Bufo viridis - зелена крастава жаба, Lacerta viridis - зелен гуштер, Podarcis tauricus - Балкански ѕиден гуштер, Testudo hermani - херманиева желка, Testudo graeca - грчка желка, Dolichophis caspius - Жолт смок, Apodemus flavicollis - шумски глишец, Erinaceus concolor - еж, Lepus europaeus - зајак, Martes foina - куна белка, Meles meles - јазовец, Capreolus capreolus - срна, Sus scrofa - дива свиња, Canis lupus - волк, Felis sylvestris - дива мачка и други.

Во фазата на подготовка на овој извештај не се анализираше видовиот состав на птиците и лилјаците. Во фазата на подготовка на проектната документација, односно во текот на процесот за оцена на влијание врз животната средина од проектните активности, да се изврши четири сезонски мониторинг на популациите на птиците и лилјаците во и околу проектното подрачје.

**Бучава**

Проблемот на бучава на ова подрачје досега не е анализиран и истражуван. Во овој регион изворите на создавање на бучава не се од таков вид да овој проблем во животната средина претставува значителна закана за здравјето на луѓето.

Бучавата произлегува од урбаните активности и тоа:

- Сообраќај;
- Производни и деловни процеси;
- Бучава од ентериерно потекло (стамбени згради, трговско деловни центри и сл).

## 4.3. Сегашни проблеми со животната средина во и околу планскиот опфат

Проблемите со животната средина во општина Старо Нагоричане и предметниот опфат, беа идентификувани преку анализа на постоечката состојба со животната средина.

| Најосетливи елементи на животната средина во предметниот опфат (Елементи на СОЖС) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Води | Воздух | Отпад | Климатски фактори | Население | Материјални добра |

Елементи на СОЖС

Проблемите со генерирање на отпадот се разгледуваат како влијание врз површинските и подземните води, влијание на загадувањето на почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот и почвите и создавањето на стакленички гасови (климатски промени).

Врз основа на евидентирање на најосетливите елементи на животната средина во планскиот опфат кои се нарекуваат и елементи на Стратегиска оцена на животната средина (Елементи на СОЖС) се воспоставуваат цели на стратегиска оцена на животна средина (Цели на СОЖС) и се дефинирани можни индикатори за секоја цел.

Во процесот на Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ врз животната средина важно е да се види како, на кој начин, со која јачина и интензитет целите на планскиот документ влијаат врз целите на СОЖС со цел да се предвидат мерки за спречување на влијанијата и да се предложи соодветен план за мониторинг на индикаторите за секоја цел на СОЖС.

На следната табела се прикажани сегашните проблеми со елементите на животната средина:

| **Елементи на Стратегиската оцена на животна средина** | **Проблем** | **Релевантно опфтен проблем** |
|---|---|---|
| **Воздух** | Нарушен квалитет на воздухот од употреба на нафта како агенс за затоплување, зголемен сообраќај<br>Немање квалитетна медицинска база на податоци во однос на заболувањата предизвикани од загадување на воздухот | x<br>x |
| **Вода** | Нарушен квалитет на река Пчиња | x |
| **Отпад** | Постоење на диви депонии<br>Непостоење на регионална депонија | x<br>x |
| **Почва** | Нарушен квалитет на почвата како резултат за исталожување на аеросedименти<br>Деградација на почвите, користење на септички јами | x<br>x |
| **Предел** | Деградирани предели (неконтролирано сечење на шумите)<br>Недоволна застапеност на паркови и зелена површина | x<br>x |
| **Население** | Појава на миграција<br>Голема невработеност | x<br>x |
| **Климатски фактори** | Користење на огревно дрво за затоплување | x |
| | Не користење на обновливи извори на енергија | x |

Сегашните проблеми со елементите на животната средина

# 5. Состојба без имплементација на планскиот документ

При реализација на Планскиот документ за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М’гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане, се разгледува опцијата без да се спроведе планската активност, односно работите да останат во првобитната положба.

Во конкретнииов случај доколку Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М’гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане не се спроведе, се очекуваат следниве последици:

- Непланско искористување на просторот;
- Неконтролирана изградба на бесправни објекти;
- Нарушување на квалитетот на медиумите во животната средина;
- Намалени приходи во буџетот;
- Отсуство на инвестициони вложувања;
- Слаб социо-економски развој;
- Не се создаваат услови за искористување на обновливите извори на енергијата (ветеран енергија);
- Пораст на миграција;
- Намален животен стандард;
- Микроклиматските поволности ќе останат неискористени.

# 6. Алтернативи и чинители за избор на алтернатива

Реализацијата на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане, е од особено значење за реализирање наменски содржини и функционална операционализација за развој на планскиот опфат и општината.

Со изработката на овој овој план просторот добива нова можност за урбанистичка разработка и реализација.

Од особено значење за изготвување на Стратегиската оцена, а воедно и стандардна постапка е да се изанализира варијантата, односно опцијата од неспроведување на планското решение со што состојбата би останала во првобитната состојба. Во тој случај се очекува дека фактичката состојба на теренот воопшто нема да се промени и економската пасивност ќе продолжи.

Овие аспекти се земаат со цел да се изнајде најповолното решение кое ќе придонесе за заштитата на животната средина и здравјето на човекот. За овој плански опфат не се разгледувани алтернативни решенија за друга намена.

Со изработката на планските решенија од Урбанистичката планска документација просторот добива нова можност за урбанистичка разработка и реализација.

При подготовката на планското решение е разгледувана алтернативата за неспроведување на планското решение со што состојбата во животната средина би останала под влијание само на природните фактори. Во овој случај се очекува моменталната состојба на теренот воопшто да не се промени, а економската пасивност и понатаму да продолжи.

Во случај на нереализирање на планскиот опфат се очекува да:

- Социјално-економскиот статус на населението ќе иницира поголема стагнација;
- Продолжување на трендот миграција на населението во други поразвиени региони;
- Невработеноста нема да се намали;
- Намалување на вредноста на земјиштето;
- Узурпација на просторот со дивоградби и други неплански и некомпатибилни содржини;
- Непланско и неорганизирано уредување на просторот со што негативно ќе се одрази врз медиумите во животната средина.

Во случај на реализирање на планскиот опфат се очекуваат неколку позитивни аспекти:

- Поволна географска положба;
- Добри микроклиматски услови;
- Одлична диспозиција во однос на сообраќајната поврзаност.

Реализирањето на планските решенија со избраната намена во просторот ќе овозможи искористување на поволната географска положба на локацијата и искористување на поволните микроклиматски услови.

Активирањето на овој простор ќе овозможи одржлив развој на повеќе дејности, кои ќе продуцираат економски ефекти во останатите дејности непосредно поврзани со изработката и ефектуирањето на урбанистички решенија и тоа: проектирањето, градежништвото, комуналните дејности, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, јавните функции и др.

Непосредниот ефект кој ќе произлезе со реализацијата на предложениот Урбанистички план ќе се рефлектира врз зголемено ангажирање на расположливата работна сила преку нови вработувања во дејностите предвидени со планските содржини, односно позитивен кумулативен ефект врз социо - економската компонента и одржлива и интегрирана заштита на животната средина, што се одсликува преку:

- Социјална, економска и просторна кохезија во рамки на регионот, со оптимално користење на неговите специфични особености;
- Реализација на целите за заштита на животна средина релевантни за планскиот документ, преку примена на мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија предложени во овој извештај;
- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;
- Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово селектирање и повторно искористување и отстранување на прифатлив начин согласно законските решенија;
- Рамномерен и одржлив просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;
- Рационално и одржливо користење на природните ресурси;
- Користење на обновливи извори на енергија;
- Зачувување и заштита на компонентите на биолошката и пределската разновидност.

Треба да се има во предвид, дека целите на планскиот документ за одржлив економски развој со своите пропратни содржини и неопходната инфраструктура, во еден дел може да биде во конфликт со животната средина и тоа би било изразено преку краткорочни негативни влијанија во фазата на изградба (аерозагадување, бучава, создавање на отпад) и долгорочно трајна промена на дел од пределските карактеристики. Поради ова, во овој документ се предложени мерки за заштита на медиумите од емисија на отпадни материи, од емисија на бучава, генерирање на отпад, различни непогоди и хаварии. Исто така, како составен дел на Извештајот за Стратегиска оцена се презентирани дополнителни мерки за спречување, намалување или ублажување на негативните влијанија врз животната средина од реализацијата на целите на планскиот документ.

# 7. Претпоставени влијанија врз медиумите на животната средина

Појавите кој како претпоставка може да се јават од имплементацијата на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане, може да се анализираат од негативен и позитивен аспект. Извештајот за Стратегиска оцена ги зема во предвид влијанијата врз сите медиуми на животната средина, биолошката разновидност, природата, пределот, културното наследство, луѓето како и влијанијата врз социо-економските можности во општина Старо Нагоричане.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина не ги анализира поединечните развојни проекти, туку влијанијата врз медиумите на животната средина од генерален аспект. Значи, со извештајот се прави само проценка на можните влијанија врз животната средина, додека во подоцнежните фази, преку Студиите за оцена на влијание врз животната средина или Елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска на основа на укажаните ризици се прават детални анализи и препораки.

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроврдување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од обласа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

## Влијание врз демографскиот фактор

Реализацијата на предвидената содржина од планскиот опфат не само што ќе ја запре економската миграцијата на локалното население туку и ќе претставува позитивен стимул за демографскиот развој. Исто така, ќе има позитивни влијанија на долгорочна основа и на зголемување на наталитетот, како уште еден позитивен елемент на демографскиот развој. Ова од причина што инвестиционите вложувања за реализација на оваа планска содржина ќе значат отварање на нови работни места и зголемување на животниот стандард и квалитетот на живеењето.

## Влијание врз човековото здравје

Заради намената на планскиот опфат предвиден за изградба надвор од зоната на населени места не се очекува истиот да предизвика негативни влијанија врз здравјето на локалното население. Можни негативни влијанија се очекуваат во фаза на изградба на локалитетот преку зголемен сообраќај, зголемена бучава, вибрации и др.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз човековото здравје ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина од различни аспекти на медиумите на животната средина што е и законска обврска.

## Влијание врз социо-економската состојба

Имплементацијата на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане, ќе има позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.

## Влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух

Со Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане не се очекуваат особени влијанија врз амбиентниот воздух. Одредени краткорочни влијанија врз квалитетот на воздухот се очекуваат во време на градба-изведбата на земјени и градежни работи при што се очекува појава на прашина, како фугитивна емисија на најситни честички на прашина и песок. Предвидените плански решенија ќе придонесат за намалување на негативните влијанија на воздухот во планскиот опфат и пошироко.

Евентуалните влијанија од овој вид ќе бидат детално анализирани при изработката на студиите за оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина од сите аспекти на животната средина, што е и законска обврска, која треба да се реализира во фазата на добивање на одобрението за градба.

## Влијание врз климатски промени

Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот во поширокиот регион или климатски промени.

## Влијание предизвикано од зголемена бучава

Во фаза на имплементација на планираните активности за инфраструктурно опремување на планскиот опфат и изградба на инфраструктурната мрежа треба да се очекува зголемена бучава.

Со оглед на местоположбата на планскиот опфат, надвор од населено место се смета дека бучавата ќе биде занемарлива.

Доколку при имплементација на планскиот опфат се применат мерките дефинирани согласно оцената на влијанијата врз животната средина од секоја посебна активност ќе се намалат очекуваните ефекти од зголемена бучава и ќе се сведат на дозволените нивоа, во согласност со Законот за бучава и подзаконските акти.

## Влијание врз квалитетот на водите

Со поставувањето на ветерниот парк и нивната инфраструктура не се очекуваат значителни негативни влијанија врз квалитетот на водите.

Нарушувањето на квалитетот на водите може да биде резултат од истекување на масла и горива од механизацијата.

Подетална анализа од негативните влијанија врз квалитетот на водите ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за Оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

## Влијание врз почвата

Негативните влијанија врз почвата може да произлезат од несоодветна имплементација на проектот, генерираниот отпад, издувните гасови од превозните средства, изградба на објектите во конструктивната фаза (довод на електрична енергија) и сл.

За да не дојде до нарушување на квалитетот на почвата потребно е да се спроведе план за управување со отпад во кој ќе се предвидат мерки за управување со отпадот.

Во конструктивната фаза, при изведбата и поставувањето на ветерниците, копањето на канали за поставување на каблите постои можност од појава на ерозија на земјиштето, набивање на почвата од движење на моторната механизација, загадување на почвата од неправилно управување со отпад.

Подетална анализа од негативните влијанија врз квалитетот на почвата ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за Оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

## Влијание врз пределот

Имплементацијата на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане не се очекуваат негативни влијанија врз пределот.

Влијанијата врз пределот и врз визуелните аспекти се едни од најзначајните влијанија од Ветерните паркови во оперативната фаза.

Ветерните турбини скоро секогаш се позиционираат на локации кои се истакнуваат во релјефот, а со тоа се најизложени на ветерот. Ветерните турбини се високи градби, што значи дека истите визуелно се забележливи од поголеми растојанија. Сепак заради оддалеченоста на поголемите населени места, како и структурата на релјефот во опкружувањето на локацијата на Ветерниот парк не се очекуваат значителни влијанија врз пределот и визуелните аспекти.

Реализацијата на овој план ќе има позитивно влијание.

## Влијание врз културното наследство

Културното наследство на регионот е симбиоза на непроценливи материјални и духовни вредности во една урбанистичко-архитектонска целина сочинувајќи нераскинливо единство на традиционални и уметнички вредности, книжевни, документациони фондови, почнувајќи од праисторијата до денес.

На самиот плански опфат не се евидентирани археолошки или културни споменици и според тоа не се очекуваат негативни влијанија врз културното наследство.

Според Законот, доколку се појави некое археолошко наоѓалиште ќе се постапи согласно одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

## Влијание врз биодиверзитетот (флора и фауна)

Со Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане не може да се предизвикаат одредени влијанија врз флората и фауната бидејќи досега не се идентификувало постоење на посебни примероци. На

поширокото подрачје се очекува дека дел од животинскиот свет да се редуцира, но тоа нема да претставува нарушување во големи размери.

Влијанијата врз биодиверзитетот ќе бидат изразени преку директно уништување на живеалиштата во подготвителната и градежната фаза и преку фрагментација на живеалиштата во оперативната фаза.

Ваквиот тип на прокети - ветерни паркови, најголемо влијание има врз популацијата на птиците и лилјаците, кои се населуваат или се хранат во и околу проектното подрачје, а кои ќе бидат резултат на уништувањето/деградацијата на живеалиштат и просторот на кој се исхрануваат. Исто така, можни се влијанија врз популациите на птиците и лилјаците и во текот на оперативната фаза, во текот на работењето на ветерниот прак, кои ќе бидат изразени преку директен удар со перките на ветерните турбини.

Подетална анализа од негативните влијанија врз флората и фауната ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за Оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

## Влијание врз материјалните добра

Имплементацијата на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М’гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане, ќе ја зголеми економската вредност на земјиштето.

## Влијание по однос на генерирање на отпад

При реализација на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М’гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане, за очекување е генерирање на градежен и земјен отпад. Со планскиот документ предвидено е отпадот при градбата соодветно да се собира со што ваквиот начин на управување со отпадот ќе ги намали или елиминира можните влијанија на отпадните материи врз медиумите на животната средина.

При реализација на проектот се очекува вишок на земја, амбалажен отпад и отпад и отпад генериран од работниците кој ќе работат на локацијата.

Согласно законската регулатива, создавачите на отпад се должни да ги превземат сите заштитни мерки за заштита на животната средина.

Подетална анализа од негативните влијанија по однос на генерирањето на отпад ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за Оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

## Влијание од несреќи и хаварии

За намалувањето на сеизмичкиот ризик предвидени се соодветни мерки на градежна интервенција на носивата конструкција, заради доведување на отпорност против најсилните земјотреси, односно задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита.

Бидејќи не постои сеизмичка микрореонизација за овој простор меродавна е картата на макросеизмичка реонизација со што природно нестабилните и сеизмичките неповолни терени, а тоа се местата каде се сменуваат геолошките формации, треба да се исклучуваат од градежните зафати, а за поголемите инвестициони објекти потребно е извршување на детални инжињерско-геолошки и сеизмолошки истражувања на теренот.

Од останатите природни катастрофи се и метеролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди кои се манифестираат со појава на град, луњени ветрови и магли.

Во планот се разработени мерки за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природните катастрофи.

# 8. Мерки за заштита, намалување и неутрализирање на значајните влијанија врз животната средина од имплементација на планскиот документ

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на  Уставот на Република Македонија (член 8) и е регулирана со Законот за животна средина, како и останатите закони и подзаконски акти кои се наведени во овој Извештај. Овој Извештај, кој се базира на релевантните податоци од Просторниот план на Република Македонија, Националниот Еколошки Акционен План, секторски студии за одредени области, како и податоци утврдени на самиот локалитет, предвидува и мерки за заштита на животната средина од влијанијата кои се очекуваат со имплементацијата на планската документација, а кои е потребно да се испочитуваат во текот на подготовката на планската документација.

Овој Извештај, кој се базира на релевантните податоци од Просторниот план, Националниот Еколошки Акционен План, секторските студии, за одредени области, како и податоци утврдени на самиот локалитет, предвидува и мерки за заштита на животната средина од влијанијата кои се очекуваат со имплементацијата на планската документација.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Селектирано и организирано депонирање на отпадот;
- Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- Изградба на современа инфраструктура;
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина во состојба како пред оштетувањето;
- Доследно спроведување на планот.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз демографскиот фактор***

Имплементацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на демографскиот развој и затоа не се предвидуваат мерки за заштита.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз човековото здравје***

Реализацијата на планскиот опфат нема да предизвика негативни влијанија врз човековото здравје. Во делот на општи мерки се препорачува воспоставување на систем на собирање и регуларно отстранување на отпадот, појаси со заштитно зеленило и во текот на градежните постапки, истите да се планираат соодветно за да се редуцира времето на користење на опремата која создава зголемена бучава.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз социо-економската состојба***

Реализацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на социо-економската состојба на населението, ќе го подобри квалитетот на живеењето и ќе го зголеми стандардот на населението.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз амбиентниот воздух***

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата.

За намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух од имплементацијата на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане, се предлагаат следните мерки:

- Задолжителна заштита опрема на работниците кои ќе бидат изложени на прашина при изведба на планскиот опфат;
- Механизацијата да биде во фаза на мирување (исклучени мотори) во периодот кога не се изведуваат никакви активности на теренот;
- Транспорт на создаден отпад и потребни материјали да се врши во покриени камиони заради спречување на создавање на прашина;
- Ограничување на брзината на движење на возилата и/или доколку е потребно механизацијата, особено кога истите минуваат низ земјени патишта со цел намалување на прашината;
- Подигање на зелени зони околу граничната линија на планскиот опфат;
- При планирањето и изградбата на градбите приоритет да се дава на најдобро достапните техники и инсталации;
- Мониторинг на емисии на загадувачки материи во воздухот;
- За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини да се предвидат зелени површини.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз климатските промени***

Со оглед дека се предвидува производство на електрична енергија од обновлив извор на енергија, не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот во поширокиот регион или климатски промени.

Ветерниот парк се очекува да има позитивни ефекти врз климатските промени. Производство на електрична енергија од обновлив извор ќе придонесе за намалување на процентот на користење фосилни горива и намалување на емисиите на стакленички гасови.

- ***Мерки за намалување од зголемена бучава***

При реализацијата на проектот потребно е да се предвидуваат технологии и техники кои ќе допринесуваат за редукција на загадувањето со бучава и доведување на истото во законски дозволените параметри.

Бучавата, која се генерира од работењето на ветерниците може да биде од турбините, генераторот, запчаниците, перките на ветерниците и слично. Звукот кој се генерира при работа на ветерни турбини, всушност има помал интензитет од звукот создаден од вообичаен патен, железнички или авио сообраќај. Бучавата од ветерните турбини нема да предизвика значително влијание на амбиенталната средина на локалното население, единствено засегната ќе биде фауната која е застапена во проектното подрачје.

Доколку во времето на имплементација на планот се увиди потреба од воведување на дополнителни мерки на заштита од бучава, истите ќе се спроведат со мерење и анализа на нивото на бучава од страна на акредитирана лабораторија.

***- Мерки за намлување на влијанијата од вибрации***

Имплементацијата на планската документација нема да предизвика значителни вибрации освен редовна контрола и одржување на ветерните турбини како и поставување на сензор за вибрации со цел да се детектира некоја промена во работењето.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз почвата***

За намалување на влијанијата врз почвата се предлагаат следните елементи:

- При започнувањето на секој градежен зафат на планскиот опфат инвеститорот да го организира собирањето на градежниот отпад, негово депонирање или искористување во инвестиционите активности;
- Интегрално управување со отпадот;
- Селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во депонија.

Загадување на почвата со опасни материи, може да предизвика негативни влијанија врз медиумите на животната средина вклучувајќи ги и подземните води. Во оперативната фаза, можни се појави на ерозивни процеси, доколку применетите мерки за заштита од ерозија во градежна фаза (ревегетација на теренот, заштита на косини, усеци и сл.) не се соодветни и/или истите се недоволни. Се препорачува да се направи план за управување со почва и заштита од ерозија и седиментација каде што ќе се дефинираат деловите кои треба да се стабилизираат на косините со вегетација или камења за да се избегне појава на ерозија на почвата, хортикултурно уредување со автохтони растенија на локациите кои се соголени како

резултат на отстранетата вегетација, во согласност со почвените карактеристики на условите на локацијата и слично.

### *- Мерки за намалување на влијанијата врз флората и фауната*

Со цел намалување на можните влијанија кои би се јавиле во текот на подготвителната, градежната и оперативната фаза се препорачуваат следниве мерки:

- Во фазата на подготовка на проектната документација, односно во текот на процесот за оцена на влијание врз животната средина од проектните активности, да се изврши четири сезонски мониторинг на популациите на птиците и лилјаците во и околу проектното подрачје.
- Во истата фаза, во текот на процесот за оцена на влијание врз животната средина од проектните активности, да се изврши детален преглед и опис на растителните заедници и растителните и животинските видови кои се среќаваат во и околу проектното подрачје. Врз основа на резултатите од прегледот, детално да се оценат можните влијанија и да се предвидат соодветни мерки за елиминирање или намалување на можните влијанија.
- Во градежната фаза Инвеститорот да обезбеди соодветен надзор од страна на стручно лице.
- Да се одбегнува привремено заземање и/или деструкција на соседните површини.




Слика 7. Опис на предел

Предметната локација се протега по границата на два пределски типови: Ридест рурарел предел и Осоговски предел.

**Ридест рурален предел**

Ридестиот рурален предел се карактеризира со бреговито-ридски терени и се протега до надморска височина од 800-900 м. Во геолошки поглед

пределот се карактеризира со различни, обично силикатни кисели подлоги (гнајсеви, амфиболити и амфиболитски шкрилци, микашисти и лептинолити, флишни седименти и други) и мали површини под песочници. Од почвените типови обично доминираат дистрични камбисоли. Вегетациски, во пределот е забележително присуството на тревести растителни заедници од брдските пасишта што се развиваат на силикатна подлога до околу 1000 м надморска височина. Сепак, тука тревестите површини (брдските пасишта) не доминираат, туку се измешани со антропогени станишта, обработливи површини и пасишта. Руралниот карактер на пределот го дава учеството на „хетерогено земјоделство", „земјоделско земјиште со површини под природна вегетација", потоа „суви брдски пасишта" и „пасишта со грмушки", како и значителната површина под „широколисни шуми". Присутни се и значајни површини под иглолисни или мешани шумски насади (околу 3% од вкупната површина).

Значајна карактеристика на овој пределски тип е присуството на населби расфрлани по целиот предел. Покрај населбите, постојат и многу земјоделски површини претставени со мали ниви, кои се најчесто дисконтинуирано распоредени во просторот.

Ридестиот рурален предел е формиран обично во зонобиомот на субмедитеранско балкански шуми и зонобиомот на средноевропски шуми и зазема значителна површина од Македонија (околу 9%). Големата површина што ја зафаќа, заедно со неговите структурни карактеристики - значителни подрачја под шуми, деградирани шуми, грмушести состоини и друга природна вегетација - го прави овој предел значаен за зачувување на биолошката разновидност. Поради овие карактеристики, бројноста на видовите е повисока отколку во типичните шумски предели, но помал е и бројот/популациите на значајните видови.

Сепак, различните природно-географски карактеристики на подрачјата, каде што овој предел е застапен, наметнуваат одредени разлики во структурата на пределските единици. Затоа е потребно во иднина да се направи одделна анализа на структурните карактеристики на различните пределски единици, со што ќе може да се процени потенцијалот на овој предел за миграција на видови во рамките на идната национална еколошка мрежа.

**Осоговски планински рурален предел или Осоговски предел**

Во Македонија овој предел е карактеристичен само за Осоговските Планини и делумно на Влаина Планина, како и за крајните североисточни планини (Герман и Билина Планина). Релјефот е прилично униформен, претставен со средни до стрмни падини, долови и долини. Доминантни се кафеави шумски почви, а не ретко се среќаваат и карпести места. Геолошката подлога е иста како и во другите предели на планината (обично силикатни карпи). Поради поголемата надморска височина на која е распространет овој предел во однос на претходните (1000-1400 мнв), климата е топла континентална (јужно) и супконтинентална до континентална (северно). Плоскачево-церови шуми (како и горунови во погорниот дел од

појасот) се распространети на јужните експозиции. Субмонтаната букова шума е присутна по доловите. Буковите екосистеми најчесто се застапени на северните експозиции. Јужните и западните падини се под силен човеков притисок и се помалку или повеќе изменети или полуприродни. Северните делови се помалку изменети, полуприродни или природни. Земјоделството е екстензивно, а сточарството е обично занимање на локалното население. Присутни се само помали површини од компирови полиња и врж иако денеска поголем број од поранешните територии на кои се одгледувале овие култури се напуштени. Појасот е ретко населен, а населбите се од расфрлан тип. Расфрланоста на населбите, всушност го дава и карактеристичниот изглед на овој предел.

Руралниот карактер на пределот го дава учеството на „земјоделско земјиште со површини под природна вегетација", „суви брдски пасишта" и „пасишта со грмушки", додека специфичноста на пределот ја дава доминацијата на „широколисни шуми". Матриксот е претставен со широколисни шуми и тоа најчесто дабови шуми од цер и плоскач или горун, како и букови шуми. Но, шумите најчесто не се со целосно затворен склоп, а на места се и доста проретчени иако визуелно не изгледаат деградирани. Постојат многу петна од повеќе или помалку напуштени места за домување, ливади и помали полиња.

Осоговскиот планински рурален предел најмногу е формиран во зонобиомот и во оробиомот на балканско-средноевропски шуми или во појасот на горуновите шуми Orno-Quercetum petraeae и подгорските букови шуми Festuco heterophyllae-Fagetum. Значајна карактеристика на овој предел е деградација и фрагментација на шумските хабитати и појавување на бројни други хабитати, кои влијаат на зголемување на биолошката разновидност.

Од естетски аспект овој пределски тип поседува многу голема вредност поради што претставува голем потенцијал за развој на руралниот туризам. Покрај тоа, пределот има и големо значење за биодиверзитетот иако е неопходно попрецизно дефинирање на формата и потенцијалите на шумските коридори, кои поврзуваат поголеми шумски површини за точно утврдување на конзервациското значење на пределот.

**Заштитени подрачја и подрачја идентификувани според меѓународни критериуми**

Во и околу проектното подрачје не постои подрачје кое е заштитено во согласност со националната легислатива за заштита на природата (Слика 8).



Слика 8. Карта на заштитени подрачја во државата и локација на анализираното подрачје

Според меѓународно прифатените критериуми, анализираното подрачје влегува во границите на:

1. Емералд подрачје Пчиња - Герман и
2. Значаен орнитолошки локалитет река Пчиња - река Петрошница - Крива Река

- Емералд подрачје Пчиња - Герман.




Слика 9. Емералд подрачје Пчиња - Герман и проектна локација

- Значаен орнитолошки локалитет (ЗОЛ) река Пчиња - река Петрошница - Крива Река.




Слика 10. ЗОЛ река Пчиња - река Петрошница - Крива Река и проектна локација

Сместен во северниот дел на земјата, овој голем ЗОЛ вклучува три географски и еколошки различни области со значителна орнитолошка вредност. Почнувајќи од границата со Србија северно од Куманово (кај село Сопот), границата тече на југ избегнувајќи го градот Куманово и неговите најблиски села, ја преминува реката Пчиња јужно од овој град (кај село Пчиња), продолжува кон исток следејќи го автопатот од Куманово кон Свети Николе и низ селата К´шање и Татомир, свртува кон север под врвот Градиште (1009 мнв) и продолжува низ селата Филиповци и Железница кај Кратово. Продолжува на север низ селата Опила и Ранковце, а потоа свртува кон северозапад, додека не помине низ селото Арбанашко и повторно не стигне до националната граница. Локацијата се граничи со локацијата Пчиња во Србија, формирајќи прекуграничен ЗОЛ. Локалитетот опфаќа планини со средна големина, а најдоминантни се планината Козјак на север (врвот Вирови 1285 мнв) и највисоките врвови кон планината Герман на исток (врвот Табла 1355 мнв). Геолошкиот состав е разновиден, преовладуваат метаморфни карпи од различна возраст. Главни реки се Крива Река со нејзината притока Кратовска Река и Пчиња со Бистрица и Петрошница кои се нејзини главни притоки.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз пределот***

Предвидените активности во планската документација ќе бидат во насока на зачувување и подобрување на естетските потенцијали на пределот. Со изработка на овој Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со

капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане, просторот добива нова можност за урбанистичка разработка и реализација.

Мерките за ублажување на влијанието врз животната средина, покрај препораките за ублажување, намалување на големината на градилиштето, примената на добри практики за проектирање и изградба, внимателно одржување и соодветно одржување на редот и чистотата на градилиштето, вклучуваат и:

- Изборот на локациите за поставување на ветерните турбини да биде на начин на кој ќе се намали влијанието врз пределот и врз визуелните аспекти на локалното население од околните населени места;
- Во текот на изборот на локациите на турбините потребно е да се направи компјутерско моделирање и проценка на растојанието до кое ќе бидат видливи ветерните турбини и доколку е потребно да се предвидат дополнителни мерки за намалување на можните влијанија врз пределот и визуелните аспекти.
- При изборот на типот на ветерните турбини да се води сметка истите да бидат со минимална можна височина и разумна димензија;
- При проектирањето на придружните објекти да се води сметка истите да се вклопат во пределот;
- Градежните активности, како што се расчистувањето на теренот и ископот на материјал да се ограничи на што е можно помала површина;
- Компензација на вегетацијата со садење на дрвја, грмушки и треви, отпорни на пожар, со цел подобрување на визуелните аспекти;
- Рекултивацијата на градилиштето и локациите кои ќе бидат опфатени со градежните активности со засадување единствено на автохтони видови на растенија.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз материјалните добра***

Имплементацијата на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане има позитивно влијание врз материјалните добра и затоа не се препорачуваат мерки за намалување на влијанијата врз материјалните добра.

Со реализација на овој проект се овозможува локацијата да прерасне како единствена просторна и функционална целина која ќе даде голем допринос за развојот на локалната и национална економија, истовремено имајќи го за цел анимирањето на интересот на разни инвеститори како ориентација во актуелните економски тенденции на државата.

Како резултат на реализирање на планската содржина ќе заживее одржливиот економски развој на општината и регионот, ќе се намали економската миграција на населението и ќе се ефектуира просторот во

насока на негово рационално искористување во функција на одржлив економски и еколошки развој.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз културното наследство***

Согласно Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) се уредуваат видовите, категориите, идентификацијата, начинот на ставање под заштита и другите инструменти за заштита и користењето на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правата на сопственост на културното наследство во јавен интерес.

Во просторот за кој се работи овој опфат не е евидентирано културно наследство. Во текот на реализација на предвидените површини за градба од овој план, при нивното темелење доколку се наиде на археолошки остатоци заради превземање на заштитни мерки, потребно е да се информираат службите надлежни за заштита на културно-историското наследство кои ќе пропишат посебни услови и режим за нивна заштита.

***- Мерки за намалување на влијанијата од управување со отпад***

Согласно Законот за управување со отпад создавачите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Во случај на истекување на масло од механизацијата на околното земјиште, загадената почва да биде отстранета и соодветно дислоцирана, согласно законските прописи од областа на управувањето со отпадот.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци, определување на пунктови за собирање на отпадот.

- Во оперативната фаза на планираните проекти, градежниот отпад да се собира, селектира и истиот кој ќе нема употребна вредност да се превзема од страна на комуналното претпријатие или овластено правно лице;
- Комуналниот отпад да се собира во контејнери, а потоа комуналното претпријатие да врши евакуација;
- Трајното депонирање или одлагање на отпадот во планираниот опфат или надвор од предвидените садови за одлагање да биде најстрого забрането.

Овие елементи ќе овозможат спречување на загадувањето на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работната средина воопшто.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз површинските и подземните води***

Производството на електрична енергија од ветер, активно го заштедува користењето на вода, односно при производство на електрична енергија од ветер, не се користи вода.

Негативно влијание врз водите во оперативната фаза на ветерниот парк може да се појави како резултат на активностите на тековно одржување на ветерните турбини, во случај на инциденто истекување на масло од возилата и механизацијата и опрема што ќе се користи, и/или несоодветно управување со генерираните фракции отпад.

Примена на мерките кои ќе произлезат од плановите за управување со опасни материи и контрола на истекување, управување со хаварии и ризици, управување со отпад, кои треба да се подготват пред почеток на оперативната фаза на ветерниот парк.

***- Мерки за намалување на влијанијата од несреќи и хаварии***

За намалување на можните влијанија предизвикани од несреќи и хаварии се препорачува имплементација на мерките дадени во планската документација, во фазата на изградба, што ќе овозможат минимизирање на евентуалните појави за несреќи и хаварии во оперативната фаза.

Во согласност со член 53 од Законот заштита и спасување („Сл. Весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри

***- Мерки за заштита и спасување***

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, а начинот на примена со уредба го уредува Владата. Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

Согласно Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување при планирање и уредување на просторот. Тоа опфаќа пред се: изградба на

објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбрамбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура во согласност со член 54 од Законот за заштита и спасување.

***- Мерки за заштита од пожар***

При изработка на техничката документација за објектите да се изработи и посебен проект за заштита од пожар кој ќе е во согласност со Законот за заштита од пожар.

Поради тоа, предвидени се следните плански мерки за заштита од пожар:

- Правилно одржување на опремата и инсталациите;
- Сообраќајниците да е со доволна ширина, со што се овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила;
- Заштита на животната средина од емисија на опасни материи.

***- Мерки за заштита од природни катастрофи***

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет над $8^0$ според МЦС скала, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Намалувањето на сеизмичкиот ризик ќе се постигне со примена на соодветни економски мерки за заштита на создадените вредности, задолжителна примена на техничките нормативи за изградба на објекти од ваков тип.

***- Мерки за заштита од технолошките катастрофи***

Под технички катастрофи се подразбираат пожари, експлозии, контаминација на воздухот и водата, хемиски загадувања и други несреќи и други причини кои можат да доведат до масовни несреќи, губитоци на човечки животи и материјални богатства.

Со законот за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 164/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 121/21) се уредува заштитата на природата преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштитата на природното наследство во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја.

# 9. План на мерки за мониторинг на животната средина

За изработка на ефективен план за управување, неопходно е најнапред да се спроведе оцена на статусот на сите природни вредности вклучувајќи го и здравјето на човекот. Во следниот чекор се определуваат цели и приоритети за управување. Дали превземените мерки и активности ги даваат посакуваните резултати се утврдува преку континуиран мониторинг. Податоците од мониторингот ќе бидат основа за изработка на следниот план за управување. Според тоа, мониторингот е составен дел од кружниот процес на планирање на управувањето.

Основни цели на планот за мониторинг се:

- Подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард;
- Заштита на животната средина со имплементација на Планот;
- Одржување на постојано ниво на флора и фауна;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на кавалитетот на почвата;
- Минимизирање на отпадот, рециклирање и негова повторна употреба;
- Минимизирање на појави од несреќи и хаварии.

Сепак, тоа најчесто се постигнува низ осмислени научни истражувања чија главна цел е да ги опишат процесите на екосистемите вклучувајќи ги и законите кои влијаат врз нив.

Еколошкиот мониторинг се однесува на последователни мерења во екосистемите со главна цел определување на трендови во компонентите, процесите или функциите.

Со секој предлог мерки за заштитата на животната средина потребно е да се изготви план за мониторинг на предложените мерки и мониторинг на животната средина. Во современото планирање на просторот, задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.

Што се однесува до изработката на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане, особено треба да се има во предвид близината на обработуваниот простор. Доколку при изработка на овој план и уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои може да бидат загрозени потребно е да се преземат мерки за заштита согласно Законот.

Планот на мониторинг предвидува следење на следните параметри во животната средина:

- Следење на биодиверзитетот (флора и фауна);
- Следење на бучавата.

Со овој план ќе се овозможи:

- Потврда дека договорените услови при одобрување на проектот се соодветно спроведени;
- Управување со непредвидени влијанија и промени;
- Потврда дека влијанијата врз медиумите на животната средина се во рамките на предвидени или дозволени гранични вредности;
- Потврда дека со примена на мерките се врши заштита на животната средина, односно намалување на негативните влијанија.

# 10. Нетехничко резиме

Со самото реализирање на оваа планска задача се добиваат податоци за почвата, воздухот, водата, климатските фактори, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра и др. и се создаваат услови за изнаоѓање на причините врз основа на која се одбираат алтернативите и се предвидуваат мерки за заштита и намалување на влијанијата. Со идентификацијата на можните проблеми треба да се рационализираат трошоците и да се направи најсоодветен избор на мерките за заштита на животната средина. Резултатот од учеството на јавноста треба да се земе што е можно повеќе.

Во извештајот за Стратегиската оцена за животна средина се земени се детали од планот, програмите и стратегиите, како и информациите кои се утврдени при изготвувањето, а се од особено значење за можните влијанија за животната средина.

Извештајот на овој плански документ ги опфаќа податоците за:

- Постојната состојба на планскиот опфат;
- Потенцијалните влијанија врз населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, почвата, воздухот, водата, климатските фактори, материјалните добра, културното наследство и др.
- Мерките за заштита и намалување на влијанијата;
- Краток преглед за причините врз основа на кој се одвиваат алтернативите;
- Состојбата на животната средина без имплементацијата на планот;
- Планот за мониторинг на животната средина.

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење е план кој се изработува согласно Просторниот план на Република Северна Македонија и служи за негово спроведување и разработка, а се донесува за подрачја и градби од државно значење кои не се опфатени и не може да се уредуваат со урбанистичките планови од локално значење и се изработува согласно член 17 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20) и согласно член 47, став (3) точка 6 алинеа 5 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22). Врз основа на член 30, став 2 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22) врз основа на планската програма и документационата основа се изработува работната верзија на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење, за која правните лица од членот 47 став (1) од овој закон и општините на чија што територија се простира планскиот опфат на овој план, задолжително доставуваат мислење по однос на планските решенија што се во врска со нивните надлежности, при што врз основа на мислењата се изработува предлог на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење.

Планскиот период на урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење изнесува десет години, односно од 2022 до 2032 година. Доколку не е донесен нов урбанистички план и по изминувањето на планскиот период, урбанистичкиот план е на сила до донесување на нов

урбанистички план. Изработката на овој Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане е во согласност со член 47 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22), став (2) точка 2 се донесува за подрачја на енергетски комплекси од државно значење, став (3), точка 6 се донесува за градби од државно значење како енергетски градби - електрични централи со инсталирана сила од 10 MW и повеќе.

Реализацијата на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане ќе биде во функција на одржливиот економски развој преку примена на нови технологии за производство на енергија од обновливи извори.

Зголемувањето на увозот на електрична енергија во последниве години ја потенцира важноста на изградбата на нови извори. Изградбата на електраната со користење на ветерот, ќе даде придонес во зголемување на учеството на обновливите извори на енергија.

Изградбата на објектите за производство на електрична енергија преку користење на ветерна енергија, како обновлив ресурс, во подрачјето ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на потрошувачите во согласност со принципите на еколошко искористување на ресурсите. Искористувањето на ветерната енергија како алтернативен извор претставува една од современите енергетски технологии, која нуди брзо и долгорочно намалување на дефицитот на електрична енергија. Со изработката на овој план ќе се предизвикаат позитивни ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот.

Електраната за производство на електрична енергија нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.

Планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане, се наоѓа во северниот дел од Општина Старо Нагоричне во близина со границата со Република Србија. Поголемиот дел од планскиот опфат е распостран во катастарска општина М'гленце, Општина Старо Нагоричане и помал дел во катастарска општина Малотино. Предметното подрачје не е во опфат на урбанистички план, општ акт или било каква урбанистичка документација донесена од страна на Општината.

Планираната локација, односно планскиот опфат за изградба на ветерниот парк М'гленце се наоѓа во општината Старо Нагоричане, на границата на катастарската општина М'гленце и катастарска општина Малотино, Општина Старо Нагоричане.

Прелиминарниот плански опфат одобрен со планската програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за

производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане (постапка во информацискиот систем е-урбанизам број 44012) изнесува 10.2 ха, додека планскиот опфат за предметниот Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане изнесува 14.11 ха, согласно член 21, став 4, доколку се работи за нов плански опфат без историја на планирање или за кој нема план од повисоко ниво или нема донесени соседни планови што ја дефинираат границата или се работи за проширување на постоен плански опфат, во планската програма се исцртува прелиминарна или приближна граница на планскиот опфат што се уточнува во фазата на нацрт план.

Изградбата на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерни електрани) во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане ќе биде во функција на зголемување на производството на електрична енергија од обновливи ресурси што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р. Македонија за одржлив развој.

Предвидениот опфат за изградба на ветерни електрани каде ќе се користи ветерот, како обновлив ресурс за производство на електрична енергија, се наоѓа во подрачје кое е сиромашно со вода, ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на регионот во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.

Локацијата за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерни електрани) со капацитет над 10 MW во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.

Градбата на ветерни електрани ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

Изградбата ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија што е осбено значајно за оние што немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Од приложените карти е презентирано поширокото и потесното опкружување на планскиот опфат. Теренот е на планскиот опфат е во континуиран пад по целата должина.

Пристапот до планскит опфат за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане е обезбеден од постоен некатегоризиран пристапен пат.

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаната граница на планскиот опфат за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со

капацитет над 10 MW во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане изнесува (141092,8 м$^2$) 14,11 ха.

Плански опфат за изградба на комплекс од градби за производство на електрична енергија од алтернативни обновливи извори - ветерни електрани ги опфаќа м.в. Голема нива, м.в. Мечик, м.в. Вирови и м.в. Војводички преслап во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане.

Согласно член 77 и член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање предвидена е следната класа на намени:

Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА,

Г3 - Индустрија на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори,

Г3.7 - Ветерни електрани, концентрациони сончеви електрани, мали хидроцентарли, електарни на биогориво.

Е - Градби од нискоградбата - инфраструктури

Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури:

Е 1.8 - Трансформаторски станици.

Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:

- Улична мрежа;
- Водоводна мрежа;
- Канализациона мрежа;
- Електрична и комуникациска мрежа.

Пристапот до планскиот опфат е преку постојниот локален пат. Трасата која се наоѓа во планскиот опфат со која се пристапува до секоја површина за градба е претставена како пристапен пат со профил од 6,0 м. Вкупна површина на планскиот опфат изнесува 141093 м$^2$, од која 122958 м$^2$, е под сообраќајни површини или 87%. Радиуси и кривини на уличната мрежа се дадени адекватно со прописите од сообраќај и се стандардни. Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број моторнивозила е планирано во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се утврди согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

Со изработка на урбанистичкиот план, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелацискoто решение е изработка на вертикално решение на пристапниот пат. Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот. При проектирањето на нивелетата се почитува природниот пад на теренот. Подолжните наклони на сите сообраќајници се движат во границите на максимално дозволените исклучителни подолжни наклони.

За комуналната инфраструктура, водовод, фекална и атмосферска канализација евидентирано е следното: За ваков тип на објекти не се

предвидува никаква инсталација на водовод и канализација. Вода во тек на работа на системот не се користи. За прифаќање и одвод на атмосферските отпадни води нема да се изведува посебна атмосферска канализациона мрежа и површинските води се сливаат по природен пат.

Со оваа урбанистичка документација е предвидена изградба на Е 1.8 - Трансформаторски станици/трафостаница/ на површина за градба број 4. Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа е дефинирано на графичките прилози, додека потребата од дополнителна непредвидена електрична мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка, односно со изработка на урбанистички проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Селектирано и организирано депонирање на отпадот;
- Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- Изградба на современа инфраструктура;
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина во состојба како пред оштетувањето;
- Доследно спроведување на планот.

Треба да се земе во предвид и анализата на алтернативи од која се прави аспект за избор на најдобро решение за намена на локацијата заедно со нејзината економска оправданост, идеен развој, финансиски можности и заштита на животната средина.

Кога станува збор за мониторинг за животната средина се дава можност за испитување, оценување и системско набљудување на загадувањето и состојбата на медиумите во животната средина како и идентификација и регистрација на изворите на загадување. Планот на мониторингот претставува алка помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции во кој ќе го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат одлуки.

Најголем бенефит во спроведувањето на стратегиската оцена на животната средина е во вклучување на аспектите од полето на социјалата, економијата и животната средина, меѓусебната соработка, развој на регионалните цели и целите за одржлив развој и заштита на животната средина и луѓето.

# 11. Прилози

***Листа на национална законска регулатива***

1. Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 89/22 и 171/22);
2. Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 74/05);
3. Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапката за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ” бр. 153/07);
4. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 153/07);
5. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ” бр. 144/07);
6. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 147/08);
7. Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18 и 32/20);
8. Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11 и 100/12-пречистен текст, 10/15 и 146/15);
9. Правилник за критериумите, методите и постапките за оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04);
10. Закон за водите („Сл. Весник на РМ” бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21);
11. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99);
12. Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99 и 71/99);
13. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99);
14. Закон за отпад („Сл. Весник на РСМ” бр. 31/20 и 216/21);
15. Листа на отпади („Сл. Весник на РМ” бр. 100/05);
16. Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
17. Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Сл. Весник на РМ” бр. 64/93);

18. Закон за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19);
19. Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21);
20. Закон за безбедност и здравје при работа („Сл. Весник на РМ" бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 и 27/18).

***Листа на релевантни ЕУ директиви***

Директиви на ЕУ инфатени во Национална стратегија за апроксимација во животната средина (2008). Релевантни се и нивните измени и дополнувања:

1. Рамковна директива за отпад (2006/12/ЕС)
2. Рамковна директива за квалитет на амбиентен воздух (96/62/ЕС), дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003
3. Рамковна Директива за вода (2006/60/ЕС) дополнета со Одлуката 2455/2001/ЕС
4. Директива за вода за пиење (98/83/ЕС) дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003
5. Директива за испуштање на опасни супстанции во водите (76/464/ЕЕС) дополнета со Директивата (91/692/ЕЕС и 2000/60/ЕС) е биде отповикана со Рамковната директива за води (2000/60/ЕС) од 22.12.2007, освен член 6, кој беше отповикан на 22.12.2000.
6. Директива за мерење на квалитетот на водата за пиење (79/869/ЕЕС) дополнета со Директивите 81/855/ЕЕС, 91/692/ЕЕС, и Регулативата (ЕС) 807/2003 ќе биде отповикана со Рамковната директива за води (2000/60/ЕС) од 22.12.2007)
7. Директива за Стратешка оцена на животна средина (2001/42/ЕС)
8. Директива за пристап на информации за животната средина (2003/4/ЕС)

# Додаток

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 99/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22), Министерството за транспорт и врски, на ден ____________ година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане, кој го донесува Министерство за транспорт и врски потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Урбанистички проект се определуваат следните: општина Старо Нагоричане, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЕВН, Министерство за транспорт и врски, Министерство за економија.

3. За планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане, за чија изработка е одговорно Урбанкон ДООЕЛ Скопје, а го донесува Министерство за транспорт и врски, донесувањето на планскиот документ ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз биодиверзитетот, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален, градежен и електронски отпад и влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски на следната веб адреса/и: www.mtc.gov.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 21-1116/6
08.08.20 2022 год.
Место: Скопје

Заменик Министер
BEKIM REXHEPI

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Архивски број УП1-15-1559/2022

Дата: 22 -08- 2022

ДО: Министерство за транспорт и врски
Ул. Црвена Скопска Општина бр. 4
1000 Скопје
Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ: Известување
Врска: Ваш бр. 21-1116/8 од 08.08.2022 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање–Сектор за просторно планирање под бр. УП1-15-1559/2022 од 16.08.2022 година поврзано со постапката за носење на планската документација Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, – Општина Старо Нагоричане, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина („Службен весник" бр: 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) Вашата Одлука за спроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина и формуларот, Министерството за животна средина и просторно планирање ги прифаќа.
Одлуката заедно со формуларот задолежително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изработил: Бајрам Цамиќ

Одобрил: Милева Тагасовска


Министерство за животна средина и просторно планирањеРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Архивски број: 15-7356/2

Дата: 28. 10. 2022

ДО: Министерство за транспорт и врски
Ул. Црвена Скопска Општина бр. 4
1000 Скопје
Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ: Мислење по Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина
Врска:ваш бр. 21-1116/12 од 04.10.2022 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање под бр. 15-7356/1 од 07.10.2022 год. и по доставениот Нацрт Извештај за стратегиска оценка на животната средина **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10MW во КО М'гленце и КО Малотино, – Општина Старо Нагоричане**, а врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање нема забелешки и дава **позитивно мислење** по содржината и обемот на документот. Во прилог на наведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за стратегиска оцена на животната средина ги содржи аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплементирање на планот, како и преглед на регулаторната рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата врз животната средина за сите идни подпроекти кои би се реализирале во рамки на планот.
Согласно наведеното, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештај за стратегиска оцена на животната средина, односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на Урбанистичкиот план кој е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени и мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина.

Воедно Ве информираме дека процесот на спроведување на стратегиска оцена на животната средина треба да продолжи со следниве чекори:

1. Пред започнувањето на постапката за усвојување/донесување на планскиот документ, субјектот заедно со нацртот на планскиот документ и извештајот за стратегиската оценка на животната средина во рок од пет работни дена објавува информации за местото каде може да се разгледа нацрт / предлог плански документ и извештајот, односно спроведува постапка за учество на јавноста.
2. Начините за вклучување на јавноста, правните и физичките лица, како и други засегнати страни се преку објавување на истите на веб страната на субјектот, преку организирање на јавна расправа, трибини, емитување на телевизиски емисии и слично. (Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина "Службен Весник на РМ бр 147 од 26.11.2008)
3. Министерството, јавноста и други правни и физички лица го доставуваат своето мислење до субјектот во рок од 30 дена од денот на објавување на нацрт / предлог плански документ и извештајот за стратегиската оцена.
4. Откако ќе се систематизираат мислењата, наодите и мислењата од засегнатите страни, субјектот е должен да ги интегрира во извештајот за стратегиската оцена на животната средина и да го достави до надлежното Министерство.
5. Министерството е должно во рок од 60 дена од денот на достасување на документацијата да ја оцени соодветноста односно исправноста на планскиот документ и извештајот.
6. Потоа субјектот треба да ја објави одлуката за усвојување на планскиот документ.
7. Органот е должен да ги следи ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето од спроведувањето на планскиот документ со цел во раната фаза да се согледаат евентуалните негативна ефекти, како и санирање на истите доколку се појават.

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изработил: Бајрам Цамиќ

Одобрил: Милева Тагасовска

Република Северна Македонија
Министерство за транспорт и врски
Сектор за уредување на просторот

декември, 2022

Архивски број : 21 – 1116/

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Врз основа на член 69 од Законот за животна средина („Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16 и 99/18),, како и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 147/08 и 147/11), Министерот на Министерството за транспорт и врски организира

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ПО**
**Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане**

Јавната презентација на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе се одржи на ден 20.12.2022 година (вторник) во 10:00 часот, во просториите на Општина Старо Нагоричане.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина е изложен на јавен увид на web страната на Министерството за транспорт и врски (http://mtc.gov.mk/Sozzs).

Заинтересираните граѓани и правни лица можат да учествуваат во Јавната презентација, а за време на јавниот увид на Извештајот за стратегиска оцена кој е објавен на web страната на Министерството за транспорт и врски ќе можат да ги дадат своите забелешки, предлози и мислења.

Сите забелешки засегнатата јавност може да ги доставува по електронски пат или по пошта до Министерството за транспорт и врски.

**МИНИСТЕР**
**БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ**


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Дрвена Скопска Општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Врз основа на член 69, став 5 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16 и 99/18), („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) и член 8 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 147/07 и 45/11), Министерство за транспорт и врски организираше консултација со јавноста по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане и изготвен е

## ЗАПИСНИК

од Јавен увид и консултација со јавноста

Консултацијата со јавноста се одржа на 20.12.2022 година, со почеток во 10.00 часот во просториите на општина Старо Нагоричане. На консултацијата со јавноста беше презентиран Нацрт-Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане.

Извештајот беше презентиран од страна на изработувачот, г. дин. Емил Стојановски. Во текот на презентацијата беше даден осврт на процедурата на Стратегиската оцена на животната средина и поставените барања, а потоа беше презентирана содржината на Извештајот.

Со изработка на овој Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане треба да се овозможат услови за градба на ваков комплекс, кој ќе овозможи позитивни ефекти со својата функција врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти. Енергијата добиена од ветер претставува најобилен, неисцрпен, бесплатен и обновлив извор на енергија, кој не ја загадува околината. Потребна е мала површина на земјиште за нивно инсталирање. Искористувањето на ветерот како алтернативен извор претставува една од современите енергетски технологии, која нуди брзо и долгорочно намалување на дефицитот на електрична енергија. Реализацијата на овој план е на површина од 14,11 ха ќе биде во функција на определбите за производство на енергија од обновливи извори. Сообраќајната инфраструктура делумно задоволува, комуналната инфраструктура не ги содржи сите потребни инфраструктурни инсталации за функционирање на ваков објект.

Со реализација на овој проект ќе се придонесе за следното:

- Проектот ќе одигра важна улога за задоволување на растечките потреби и побарувачка на енергија во Македонија, како и за зголемување на сигурноста во однос на снабдувањето со енергија;
- Проектот ќе има значаен ефект врз зголемувањето на енергетската ефикасност во државата и врз намалување на емисиите на штетни супстанци по единица моќност;

- Се очекува проектот да го стимулира енергетскиот и индустрискиот развој преку привлекување нови странски инвестиции, како и да ја подобри енергетската позиција на земјата во регионот;
- Бенефиции во локалниот и националниот социо-економски развој.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Селектирано и организирано депонирање на отпадот во фаза на изведба;
- Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- Изградба на современа инфраструктура;
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина во состојба како пред оштетувањето;
- Доследно спроведување на планот.

Планот на мониторинг предвидува следење на следните параметри во животната средина:

- Следење на квалитетот и квантитетот на водите;
- Следење на квалитетот на воздухот;
- Следење на квалитетот на почвата;
- Следење на нивото на бучава.

Присутните ја искажаа својата поддршка на Извештајот. Консултацијата заврши во 11.00 часот. Составен дел на овој Записник е списокот на присутни.

Во периодот на јавен увид Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина беше достапен до јавноста со соопштение за период на јавен увид, во кој засегнатата јавност можеше да доставува забелешки, предлози и сугестии, преку архивата на Министерство за транспорт и врски, по пошта или во електронска форма на е-маил до Министерство за транспорт и врски.

Во периодот на јавен увид до Министерство за транспорт и врски не се доставени забелешки, предлози и сугестии по Извештајот.

Изготвила:
Кети Стојановска

**СПИСОК НА ПРИСУТНИ НА ОДРЖАНА КОНСУЛТАЦИЈА СО ЈАВНОСТА**
**ЗА ИЗВЕШТАЈ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

**ЗА**

**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 10MW ВО КО М'ГЛЕНЦЕ И КО МАЛОТИНО, ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ**

**20.12.2022 година, 10.00 часот**

| ред. бр. | Име и Презиме | Институција | Потпис | тел.контакт |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Елена Стојановска | Енвиро Ресурси | [signature] | 070/226-278 |
| 2 | Емилија Ристовска | Тројаника | [signature] | 071/495-184 |
| 3 | Кети Стојановска | Енвиро Ресурси | [signature] | 071/376177 |
| 4 | Лазар [illegible] | Енвиро | [signature] | 072 313418 |
| 5 | Лилјана Трајкова | Тројаника | [signature] | 070 959-770 |
| 6 | Вера Антонова | Тројаника | [signature] | 070 311 575 |
| 7 | | | | |
| 8 | | | | |
| 9 | | | | |
| 10 | | | | |
| 11 | | | | |

# Користена литература


- Просторен план на РМ, 2004;
- Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане;
- Услови за планирање на просторот;
- Директива за стратегиска оцена на животна средина (2001/42/ЕС);
- Домашни и меѓународни документи, планови, програми и стратегии;
- Достапни искуства и практики.